SCOOP CIJ-MACEDONIA
Center for Investigative Journalism SCOOP Macedonia
Supporting investigative Journalism...

Институт за човекови права

MEDIUM

# ПРАВЕН РЕЧНИК/ПОИМНИК ЗА КОРУПЦИЈА ЗА ИСТРАЖУВАЧКО НОВИНАРСТВО

ЕУ за ТЕБЕ

**Автори**
Татијана Темелкоска
Бардул Заими

**Лектура:**
Габриела Петроска

**Дизајн и техничка обработка**
Контура ДОО

**Тираж**
200

**Издавач**
Центар за развој на медиумите
на заедниците МЕДИУМ

**Место и година на издавање**
Гостивар, 2018

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Центар за развој на медиумите на заедниците - МЕДИУМ и на ниту еден начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# ВОВЕД

Правниот речник/поимник е изработен во рамки на проектот „Заедно во борба против корупцијата", имплементиран од Центар за истражувачко новинарство СКУП Македонија, а во соработка со партнерските организации Институт за човекови права од Скопје и Центар за развој на медиумите на заедниците МЕДИУМ. Проектот „Заедно во борба против корупцијата" е финансиран од Делегација на Европска Унија, преку ИПА програмата – Инструмент за граѓанско општество и медиуми 2016 – 2017.

Правниот речник/поимник пред сѐ е наменет за новинарите, уредниците и медиумските работници кои учествуваат во создавањето на новинарски содржини и истражувачки стории чија цел е намалување на коруптивните дејствија. Новинарите во својата перманентна работа, особено во сферата на истражувачкото новинарство, се соочуваат со повеќе правни поими кои треба дополнително да се објаснуваат за пошироката јавност. Имајќи предвид дека новинарот речиси секогаш работи под притисок на времето, процесот на употреба и на објаснувања на правни поими делува проблематично со целата своја комплексност која подразбира многу закони, процедури, дефиниции во текот на обработка на истражувачките стории.

За да им се олесни работата на новинарите, посебно при стории што се поврзани со корупциски активности, Центар за развој на заедниците на медиумите МЕДИУМ, во рамките на проектот „Заедно во борба против корупцијата" изработи речник-поимник за истражувачко новинарство кој опфаќа повеќе правни

поими и изрази кои најчесто се употребуваат во текот на оваа специфична работа на новинарите.

Изработката на речникот се реализираше преку еден сеопфатен процес на разгледување на закони, прирачници, истражувања, стории поврзани со коруптивни активности и други видови документи кои беа неопходни за структурирање на целиот корпус на правни поими. Поимите се стручно дефинирани за да се овозможи полесно препознавање на нивното автентично значење кое произлегува од севкупната рамка на законите и на правниот дискурс.

Исто така, овој процес на дефинирање и објаснување се темелеше на разработување на разбирливи дефиниции кои се во склоп со дискурзивната новинарска и правна рамка. Целиот процес на креирање на речникот подразбира и повеќе компаративни разгледувања, сè со цел креативно да се исполни концептот за еден употреблив правен речник за новинари.

Правниот речник/поимник за корупција за истражувачко новинарство содржи 139 дефиниции за правни поими и фрази од македонското законодавство со кои се соочуваат новинарите во секојдневното следење настани или известувања.  Воедно, истиот ќе биде добра алатка која ќе им послужи на новинарите во нивната работа и во процесот на истражување на корупциски активности. Речникот/поимникот ќе има улога и на инструмент за доближување на правните поими до новинарската фела, за полесно разбирање и нивна употреба во продукцијата на истражувачко известување и стории од областа на антикорупцијата.

# Регистар на користени прописи и литература

- Кривичен законик (КЗ)- консолидиран текст
- Коментар на Кривичниот законик, второ изменето издание - академик Владо Камбовски (2011, Матица)
- Закон за кривичната постапка
- Закон за спречување на корупцијата
- Закон за спречување на судирот на интереси
- Закон за слободен пристап до информациите од јавен карактер
- Закон за укажувачи
- Закон за лобирањето
- Закон за финансирање на политичките партии
- Закон за јавните набавки
- Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета
- Закон за јавните службеници
- Закон за заштита на личните податоци
- Закон за заштита на квалификуваните податоци
- Закон за судовите
- Закон за јавното обвинителство
- Закон за управните спорови
- Јавност во кривичната постапка, Водич за новинари низ кривичната постапка, Саше Димовски, д-р Јован Илиевски и Зоран Димитриевски (2014, Мисија на ОБСЕ)
- Прирачник за спречување на корупцијата на локалната самоуправа - Фондација Конрад Аденауер, Министерство за информатичко општество и администрација и Македонско здружение за млади правници

- Прирачник за истражувачко новинарство и пристап до информации, Саше Димовски и Ненад Мирчевски - Институт за човекови права и Центар за управување со промени (2016)
- Извештај за проценка на корупцијата во Македонија, Емина Нурединовска, Борјан Ѓузелов и Миша Поповиќ - Македонски центар за меѓународна соработка (2016)
- Извештаи на GRECO
- Извештаи на Transparency International

# Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| ДКСК | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| ЗКП | Закон за кривичната постапка |
| ЈО | Јавно обвинителство |
| КД | Кривично дело |
| КЗ | Кривичен законик |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| ПИМ | Посебни истражни мерки |

**Аболиција**
Аболицијата е акт со кој се дава ослободување од кривично гонење. Таа може да биде дел од амнестијата којашто спаѓа во надлежност

**Авторско право**
Авторското право е единствено право и неразделно од авторското дело, што содржи лично-правни овластувања, исклучиви имотно-правни овластувања и други овластувања на авторот.

**Алтернативни мерки**
Алтернативните мерки, како вид на кривични санкции имаат првенствено превентивен карактер. Тие содржат закана со казна, која е потисната во втор план како засилување на мерката за надзор и третман на слобода. Целта на овие мерки е спрема сторителот на полесно кривично дело да не се примени казна и кога може да се очекува дека целата на казнувањето ќе се оствари само со закана за казна за сторителот кој ќе остане во заедницата. Постојат повеќе видови на алтернативни мерки: условна осуда, условна осуда со заштитен надзор, условно прекинување на кривичната постапка, општополезна работа, судска опомена и куќен затвор.

**Амнестија**
Амнестијата е акт со кој државата, персонифицирана во парламентот или шефот на државата, како единствен субјект на кривичниот прогон и казнување може да се откаже или да ја ублажи изречената казна и нејзините правни последици во точно одредени околности. Со амнестијата се дава 1) ослободување од кривично гонење, 2) целосно или делумно ослободување од извршување на казната, 3) се заменува изречената казна

со поблага казна, 4) се определува бришење на осудата или 5) се укинуваат определени правни последици на осудата. Амнестија дава Собранието на Република Македонија и тоа се врши со закон кој се однесува на поименично неопределени лица. Собранието не може да даде неопределена амнестија што значи дека законот со која се дава амнестија секогаш треба да се однесува на определена категорија на кривични дела, на определена категорија на сторители или осудени лица или на определени казни (на пример, да се намали за една третина казната затвор за сите осудени лице или сите изречени казни затвор до три години се заменуваат со парична казна). Аболицијата којашто значи ослободување од кривично гонење (види повеќе) може да биде дел од амнестијата.

**Анкетен лист за имотна состојба**

Обврска за поднесување на анкетен лист за имотна состојба е предвидена во Законот за спречување на корупцијата. Анкетниот лист содржи детален попис на недвижниот имот, подвижните предмети од поголема вредност, хартиите од вредност, побарувањата и долговите, како и друг имот што е во сопственост на лице кое има законска обврска да го пријави имотот, или имотот сопственост на членовите на неговото

**Анкетен лист за имотна состојба**
**- обврска за пријавување**

Законска обврска за поднесување на анкетен лист и пријавување на имотна состојба имаат следниве лица: избран или именуван функционер, службено лице и одговорно лице во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал, како и службено лице при вработувањето во државните органи, во администрацијата на единиците на локална

самоуправа. Оваа обврска треба да се пополни во рок од 30 дена од денот на изборот, именувањето или вработувањето. Исто така, овие лица имаат обврска да пополнат и достават анкетен лист во рок од 30 дена по престанувањето на функцијата или вработувањето. ДКСК го следи исполнувањето на оваа обврска и може да поведе постапка за испитување на имотната состојба доколку постои сомнение дека во текот на вршењето работи од јавен интерес имотот на лицето несразмерно се зголемил во однос на неговите редовни примања или примањата на членовите на неговото семејство.

**Анкетна комисија**

Анкетната комисија ја формира Собранието на Република Македонија. Дваесет пратеници во собранието можат да постават прашање за утврдување на одговорност за корупција во која се вмешани избрани или именувани функционери, службени лица, одговорни лица во јавни претпријатија и во други правни лица што располагаат со државен капитал. Претседателот на Собранието на Република Македонија е должен прашањето да го стави на дневен ред на првата наредна седница на Собранието на Република Македонија, на која по претходна расправа пратениците кои го поставиле прашањето ги образложуваат повредите на Законот за спречување корупцијата или на одредбите од Кривичниот законик и се формира анкетна комисија. Комисијата е овластена да побара од секој орган, јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал или политичка партија што има свој пратеник, односно пратеници во Собранието на Република Македонија, да ги достави сите потребни документи и други материјали важни за разјаснување на случајот и да повика на сослушување кој и да е избран или именуван функционер, службено

лице, одговорно лице во јавно претпријатие или во друго правно лице или одговорно лице на политичка партија. Одлуките што се однесуваат на преземање на определени дејствија во испитувањето на случајот се донесуваат со мнозинство гласови. Седниците на комисијата се јавни. Комисијата е должна на Собранието на Република Македонија да му поднесе извештај најдоцна во рок од 60 дена од нејзиното формирање. Ако не се постигнат усогласени ставови извештајот ги содржи сите ставови на членовите на комисијата. Претседателот на Собранието на Република Македонија е должен извештајот на комисијата да го стави на разгледување на првата седница на Собранието на Република Македонија од денот на неговото доставување. Извештајот се разгледува на јавна седница на Собранието.

**Апелационен суд**

На територијата на Република Македонија постојат четири апелациони или второстепени судови со седиште во Битола, Гостивар, Скопје и Штип. Тие се надлежни: да решаваат по жалбите против одлуките на основните судови од своето подрачје; да решаваат за судир на надлежности меѓу судовите од прв степен од своето подрачје; да одлучуваат за изземање на претседател на основен суд и делегирање на друг месно надлежен суд и други работи определени со закон. Апелационите судови постапуваат во совети од петмина судии (за кривични дела за кои е пропишана казна затвор од петнаесет години или доживотен затвор) или од тројца судии (за кривични дела за кои е пропишана поблага казна). Кога суди во втор степен на расправа, советот е составен од двајца судии и тројца судии поротници. Седниците на судските совети, со исклучок на јавните седници, се одржуваат без присуство на јавноста.

**Барател на информација**
Согласно Законот за слободен пристап до информации, барател на информација е секое правно и физичко лице кое бара информации од јавен карактер на начин и под услови утврдени со закон, без притоа да биде дискриминирано по која било основа.

**Бранител**
Секое лице кое е осомничено или обвинето за кривично дело има право на бранител во текот на целата кривична постапка. Обвинетиот пред првото испитување или друго дејствие мора да се поучи дека има право на бранител по свој избор со кого може насамо да се советува и дека бранителот може да присуствува на неговото испитување, на пример при повикување на информативен разговор во полиција или во јавното обвинителство. Бранител може да биде само адвокат. За кривични дела за кои може да се изрече казна затвор во траење од најмалку десет години, бранител може да биде адвокат со искуство од најмалку пет години по положување на правосудниот испит. На обвинетиот судот ќе му назначи бранител по службена должност во случаите кога законот предвидува задолжителна одбрана со бранител, а обвинетиот не избрал или не може да си дозволи бранител и тоа кога: против него е определен притвор за времето додека трае притворот; ако е обвинет за кривично дело за кое со закон е пропишана казна затвор од десет години или потешка казна затвор; во текот на спогодувањето со обвинителот за признавање на вината и кога му се суди во отсуство.

**Вештачење и вештак**

Вештачењето претставува едно од доказните средства кое се определува кога за утврдување или оцена на некој важен факт треба да се прибави наод и мислење од лице кое има потребно стручно знаење. Вештачењето по правило го вршат вештаци запишани во регистарот на вештаци. Вештачењето се определува со писмена наредба која во текот на претходната постапка ја донесува јавниот обвинител, додека на главната расправа таква наредба донесува судот. Во оваа смисла, вештак или технички советник е стручно лице од регистарот на судски вештаци кое странките го ангажираат тогаш кога во текот на постапката им е потребна експертска помош од определена област. Подеднакво право да предлагаат вештачење имаат двете странки во постапката - овластениот тужител и обвинетиот.

**Видови на постапки за доделување на договори за јавна набавка**

Законот за јавните набавки ги предвидува следниве постапки кои договорните органи може да ги користат за да доделат договори за јавна набавка:

- Отворена постапка е постапка во која секој економски оператор има право да поднесе понуда.
- Ограничена постапка е постапка во која секој економски оператор има право да поднесе пријава за учество, а само кандидатите избрани од страна на договорниот орган се поканувaат да поднесат понуда.
- Конкурентен дијалог е постапка во која секој економски оператор има право да поднесе пријава за учество и според која договорниот орган води дијалог со избраните кандидати со цел да се утврди едно или повеќе соодветни решенија кои ќе ги задоволат

  неговите барања и врз основа на кои избраните кандидати ќе ја изготват својата понуда.
- Постапка со преговарање е постапка во која договорниот орган ги консултира избраните кандидати и преговара за условите од договорот со еден или со повеќе од нив. Постојат два вида постапки со преговарање и тоа: постапка со преговарање со објавување на оглас и постапка со преговарање без објавување на оглас.
- Постапка со барање за прибирање на понуди е поедноставна постапка за доделување на договор за јавна набавка која се спроведува кога треба да се доделат договори чија вредност е до 5.000 евра во денарска противвредност, односно 20.000 евра во денарска противвредност за стоки и услуги, односно до 50.000 евра во денарска противвредност за работи. Постапката за доделување на договор за јавна набавка започнува со објавувањето на огласот во Електронскиот систем за јавни набавки, односно со испраќањето на поканата за доставување на понуда кај постапката со преговарање без објавување на оглас. Електронскиот систем за јавни набавки е единствен компјутеризиран систем достапен на интернет, кој се користи со цел да се овозможи поголема ефикасност и економичност во областа на јавните набавки.

**Воведни говори**

Главната расправа започнува со воведни говори на странките. Во воведниот говор секоја странка накратко го презентира своето видување на случајот односно на кривично-правниот настан и го објавува доказниот материјал што ќе биде изведен во текот на доказната постапка. Прв воведен говор дава обвинителот, по што следува воведниот говор на бранителот и обвинетиот. Притоа, обвинетиот не е обврзан да даде воведен говор.

**Вонреден правен лек**

Вонредни правни лекови се:

1) повторување на постапката,
2) барање за вонредно ублажување на казната,
3) барање за заштита на законитоста,
4) вонредно преиспитување на правосилна пресуда и
5) повторување на постапката поради повреда на правото на судење во разумен рок.

Тие се поднесуваат против правосилна пресуда и за разлика од жалбата не го задржуваат нејзиното извршување. Надлежен суд кој постапува и одлучува по вонредните правни лекови е Врховниот суд на Република Македонија. Барање за повторување на постапката може да поднесе секоја од странките и тоа значи враќање на кривичната постапка во претходна состојба или стадиум, на пример кога на лицето кое е осудено во отсуство на негово барање му се суди повторно. Постапката во која обвинетиот е ослободен од обвинение не може да се повтори. Барање за повторување може да се поднесе и откако осудениот ја издржал казната и без оглед на застареноста, амнестијата или помилувањето. Вонредно ублажување на казната е дозволено во случај кога откако пресудата ќе стане правосилна ќе се јават нови околности коишто не постоеле или не биле познати, а би довеле до поблага осуда. Барање за заштита на законитоста може да поднесе исклучиво Јавниот обвинител на Република Македонија ако е повреден законот за дејствија за кои не можат да се побиваат со други лекови. Барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда поднесува лицето осудено на казна затвор или малолетнички затвор, во точно определи случаи предвидени со ЗКП. Овој правен лек не може да се поднесе против пресуда на Врховниот суд. Новиот ЗКП предвиде нов правен лек на повторување на постапката

поради повреда на правото на судење во разумен рок, каде судот ги применува стандардите предвидени со член 6 од Европската конвенција за човекови права и судската пракса на Европскиот суд за човекови права.

**Врховен суд на Република Македонија**

Врховниот суд, како највисок суд во државата, решава:

1) Во трет и последен степен по жалбите против одлуките на апелационите судови;
2) Во втор степен против одлуките на своите совети во случаи определени со закон;
3) По вонредни правни лекови против правосилните одлуки на судовите и одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон;
4) За судир на надлежност меѓу основните судови од подрачјето на различни апелациони судови, меѓу апелациони судови и меѓу Управен суд и друг суд и решава за пренесување на месна надлежност кај овие судови;
5) Одлучува по барањето за повреда на правото на судење во разумен рок во постапка пред домашните судови и
6) Врши други работи определени со закон. Врховниот суд постапува во совети составени од петмина судии. На општа седница (сите судии) Врховниот суд одлучува за барање за заштита на законитоста против одлука донесена од негов совет. Исто така, на општа седница Врховниот суд утврдува начелни ставови за примената на законите и разгледува разни прашања во врска со работата на судовите и судиите.

**Второстепена пресуда**

Второстепена пресуда донесува апелациониот суд. Постапувајќи по жалбата и одговорот на жалбата,

апелациониот односно второстепениот суд може да одлучи:

1) Да ја отфрли жалбата како ненавремена и недозволена кога таа е поднесена по истекот на рокот и од страна на лица кои немаат право на жалба;
2) Да ја одбие жалбата како неоснована и да ја потврди пресудата на првостепениот суд;
3) Да ја укине пресудата и предметот да го упати на повторно судење и одлучување и
4) Да ја преиначи пресудата донесена од страна првостепениот суд.

Притоа, второстепениот суд ја испитува пресудата во делот кој се побива со жалба. Доколку жалбата е изјавена само во корист на обвинетиот, второстепениот суд не смее да ја преиначи пресудата на штета на обвинетиот во однос на правната квалификација на делото и кривичната санкција. Второстепениот суд одлучува на седница на совет од тројца судии или на јавна расправа во случај кога ќе оцени дека е потребно да се изведат нови докази поради погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба.



**Главна расправа, тек**

Главната расправа е централната фаза на кривичната постапка. ЗКП го пропишува текот на расправата, определувајќи точен редослед по кој се преземаат сите процесни дејствија. Пред отворањето на расправата судијата поединец или претседателот на судечкиот совет треба да констатира дали се исполнети законските претпоставки за одржување на главната расправа, односно дека не постојат процесни пречки за нејзино одржување и дека странките се уредно се поканети. Главната расправа се одвива според следниот тек:

1) Воведни говори на странките - секоја странка накратко го презентира своето видување на случајот и го објавува доказниот материјал.
2) Изјаснување на обвинетиот за вина - по дадената поука за правата на обвинетиот, судот го повикува обвинетиот да се изјасни дали се чувствува виновен за кривичните дела што му се ставаат на товар со обвинението.
3) Доказна постапка -доколку обвинетиот се изјасни за невин се пристапува кон изведување на докази.
4) Испитување на обвинетиот - ова е можно само на предлог на одбраната.
5) Завршни зборови - по заклучување на доказната постапка, судот ги повикува тужителот, оштетениот, бранителот и обвинетиот да го дадат својот завршен збор.
6) Завршување на главната расправа - судечкиот совет се повлекува на советување и гласање заради донесување пресуда.
7) Изрекување и јавно објавување на пресудата - пресудата се изрекува „во име на граѓаните на Република Македонија" и секогаш се објавува јавно (види повеќе за изрекување и објавување на пресуда).

Д

**Директно, вкрстено и дополнително испитување**

Според новиот ЗКП при изведување на доказите дозволено е директно, вкрстено и дополнително испитување на сведок или вештак коешто го вршат странките. Директното испитување го врши странката односно бранителот кој го предложил сведокот односно вештакот како доказ. Кога странката ќе заврши со директното испитување на својот сведок

или вештак, пристапува спротивната странка која врши вкрстено испитување на сведокот или вештакот. Тоа значи дека вкрстеното испитување е испитување на сведок и вештак кој е предложен од спротивната страна. Дополнителното испитување го врши повторно страната која го предложила сведокот односно вештакот и прашањата кои се поставуваат при ова испитување се ограничени на прашањата поставени во текот на испитувањето на спротивната страна. Кај вкрстеното и дополнителното испитување, на странките може да им помагаат техничките советници при поставување на прашањата. По завршување на испитувањето од страна на странките, претседателот и членовите на советот може да му поставуваат прашања на сведокот односно вештакот.

**Дискрециски овластувања**

Дискреција значи слобода да се одлучува како да се постапи во однос на конкретна службена одлука. Широката употреба на дискрециските овластувања создава голем ризик за судир на интереси. Неизбежно е едно службено лице да користи дискреција во извршувањето на своите јавни овластувања и должности. Но, ова значи дека притоа мора да постапува во рамките на законски утврдените овластувања и должности и во согласност со принципите за спречување и намалување на судирот на интереси.

**Договор за јавна набавка**

Договор за јавна набавка е договор од финансиски интерес кој ги вклучува и секторските договори, склучен во писмена форма меѓу еден или повеќе договорни органи од една страна и еден или повеќе економски оператори од друга страна, а чиј предмет е изведување на работи, испорака на стоки или обезбедување на

услуги согласно со законот. Секторски договор е договор за јавна набавка што се доделува во функција на вршење на една или повеќе дејности од членот 176 став (1) на Законот за јавни набавки. Договорот за јавни набавки се реализира помеѓу договорни органи. Договорни органи се: државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа и на градот Скопје; правните лица основани за специфична намена за задоволување на потребите од јавен интерес што не се од индустриски или комерцијален карактер; јавните претпријатија, акционерските друштва и друштвата со ограничена одговорност. Има различни видови на договори за јавни набавки: договорот за јавна набавка може да биде договор за јавна набавка на стоки, договор за јавна набавка на услуги и договор за јавна набавка на работи. Предметот на договор за јавна набавка може да се оформи во повеќе посебни истоветни делови, при што за секој дел може да се склучи посебен договор. Понудувачот може да поднесе понуда за еден, повеќе или за сите делови, при што понудата мора да опфати најмалку еден целосен дел. Понудувачот треба во својата понуда да наведе дали истата се однесува на целокупниот предмет на договорот за јавна набавка или само на одредени делови и ако понудувачот поднесе понуда за два или повеќе делови, истата ја поднесува на начин што ќе овозможи секој дел да се евалуира посебно.

Економски оператор е секое физичко или правно лице или група на такви лица кои на пазарот нудат стоки, услуги или работи.

**Доказна постапка**

Предлагањето и изведувањето на доказите во кривичната постапка им е препуштено на диспозиција на странките и судот повеќе нема активна улога во

доказната постапка и во утврдување на вистината. Во текот на доказната постапка, доказите се изведуваат по правило по следниот редослед: докази на обвинението, докази на одбраната, докази на обвинението за побивање на доказите на одбраната (реплика), докази на одбраната како одговор на побивањето (дуплика) и докази кои се од значење за одмерување на кривичната санкција.

**Доказни средства**

Како доказни средства во кривичната постапка се користат: исказ на обвинетиот, испитување на сведоци кои можат да бидат сведоци на обвинението и одбраната, увид и реконструкција, вештачење, снимка и електронски доказ.

**Документ**

Документ, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, е секој запис на информација без оглед на нејзината физичка форма или карактеристики, пишан или печатен текст, карти, шеми, фотографии, слики, цртежи, скици, работни материјали, како и звучни, гласовни, магнетски или електронски, оптички или видео снимки во која било форма, како и пренослива опрема за автоматска обработка на податоци со вградени или преносливи мемории за складирање на податоците во дигитална форма.

**Донација**

Донацијата е доброволна и безусловна помош во пари, добра и услуги која не создава директна корист за давателот, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата. Донацијата може да биде дадена за цели од јавен интерес или за поддршка на активностите на примателот. Предметот на донацијата мора да е во

согласност со дејноста на примателот на донацијата. Предмет на донација не можат да бидат добра и услуги чиј промет е забранет со закон.

**Државна комисија за спречување на корупцијата - надлежности**

Меѓу позначајни законски надлежности на ДКСК се вбројуваат надлежностите коишто се поврзани со превенција и репресија на корупцијата на стратешко ниво, едукација и јакнење на јавната свест, следење на имотната состојба на функционери, службени и одговорни лица, поднесување на иницијативи за покренување на постапки пред надлежните органи, вклучително и кривична постапка, како и постапување во случај на судир на интереси. Поконкретно, според Законот за спречување на корупцијата, ДКСК донесува државна програма за превенција и репресија на корупцијата и Акционен план за нејзино остварување; дава мислења за предлози на закони од значење за спречување на корупцијата; покренува иницијатива пред надлежните органи за контрола на финансиско-материјалното работење на политичките партии, синдикатот и здруженијата на граѓани и фондации; покренува иницијатива за поведување постапка пред надлежните органи за разрешување, распоредување, сменување или примена на други мерки на одговорност на избрани или именувани функционери, службени лица или одговорни лица во јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал; покренува иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на избрани или именувани функционери, службени лица или одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи и други правни лица што располагаат со државен капитал; постапува во случаи на судир на јавниот и личниот интерес, определени со закон; ја евидентира

и следи имотната состојба и промените на имотната состојба и на избраните и именуваните функционери и одговорни лица во јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал; подготвува годишни извештаи за својата работа и ги доставува до претседателот на Републиката, Собранието, Владата и Врховниот суд на Република Македонија и ги објавува во средствата за јавно информирање; како и презема активности на планот на едукацијата на органите надлежни за откривање и гонење на корупцијата и другите видови на криминал и соработува со домашните органи и меѓународни организации. Доколку има потреба заради разјаснување на определени прашања, ДКСК може да го повика и лицето за кое се води постапка, како и други лица кои можат да придонесат кон разјаснување на фактите за определен случај. ДКСК може од кое било службено лице да побара податоци и известувања за неговата имотна состојба или имотната состојба на членовите на неговото семејство, за промените во имотната состојба, за дејноста што ја врши тоа лице или член на неговото семејство, приходите што ги остварува или други податоци кои се од значење за спречување на корупцијата. Исто така, таа може да побара податоци и известувања и од надлежен орган или правно лице, кои се должни без одлагање да постапат во рок од 15 дена. Доколку одговорното лице во надлежниот орган или одговорното лице во правното лице не постапи по барањето, ДКСК може да покрене иницијатива за поведување постапка пред надлежен орган за утврдување на негова одговорност. Исто така, ДКСК донесува и Државна програма со Акционен план за превенција и намалување на појавата на судир на интереси, дава мислења за предлози на закони од значење за спречување на судирот на интереси, ги проверува изјавите за интереси, разгледува случаи на

судир на јавниот и приватниот интерес и ја известува јавноста за случаите по кои постапувала.

**Државна комисија за спречување на корупцијата - статус и состав**

ДКСК е самостојна и независна во вршењето на своите законски надлежности. Таа има својство на правно лице. Составена е од седум члена кои ги именува Собранието на Република Македонија за време од пет години со право да бидат повторно именувани. Од редот на именуваните членови се избира претседател на ДКСК за време од една година. Членовите на ДКСК имаат својство на именувано лице и должни се функцијата да ја вршат професионално, а за својата работа одговараат пред Собранието на Република Македонија.

## Е

**Експропријација**

Експропријација е своевиден правен институт со помош на кој државата (јавната власт) по пат на авторитативно зафаќање во имотните права на определени субјекти, ги одзема или ограничува тие права во своја корист или во корист на некој друг субјект. Предмет на експропријација може да бидат само недвижности во сопственост на граѓани, граѓанско-правни лица, општествено политички организации, општествени организации и здруженија на граѓани.

**Електронска аукција**

Електронска аукција е повторлив процес на негативно наддавањекојсереализирапопрвичнацелоснаевалуација на понудите, во кој понудувачите имаат можност исклучиво со користење на електронски средства да ги ревидираат дадените цени, така што рангирањето се врши автоматски со помош на електронски средства.

Во јавните набавки договорниот орган може да користи електронска аукција: како последна фаза во отворена постапка, ограничена постапка, постапка со барање за прибирање на понуди или во постапка со преговарање со претходно објавување на оглас во случаите од членот 89 став (1) алинеја 1 на Законот за јавни набавки, пред доделувањето на договорот за јавна набавка и само ако техничките спецификации се прецизно дефинирани или при повторно прибирање на понуди од економските оператори кои се страна во рамковната спогодба согласно со членовите 119 став (5) и 120 од Законот за јавни набавки.
Договорниот орган го наведува користењето на електронска аукција во огласот за доделување на договор за јавна набавка и во тендерската документација.



**Жалба - редовен правен лек**
Жалбата е единствениот редовен правен лек којшто им стои на располагање на јавниот обвинител, приватниот тужител, обвинетиот, неговиот бранител или законски застапник и на оштетениот во кривичната постапка. Таа се поднесува против првостепена судска одлука и има суспензивно дејство што значи дека го одлага неговото извршување. Жалбата исто така има и деволутивно дејство што значи дека по неа не одлучува судот што ја донел пресудата, туку непосредно повисок суд. Право на жалба имаат и двете страни во кривичната постапка: јавниот обвинител и приватниот тужител од една страна и обвинетиот и неговиот бранител од друга страна. Рокот за изјавување жалба во редовната постапка изнесува 15 дена, додека во скратената постапка тој рок е 8 дена. Примерок од жалбата секогаш се доставува до спротивната страна која има право на одговор во

рок од 8 дена. Со жалбата, пресудата може се побива поради основите предвидени со закон, кои опфаќаат:

1)погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба;

2) суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка;

3) повреда на Кривичниот законик и

4) поради одлуката за кривична санкција, за одземање на имотна корист, трошоци на постапката, за имотно-правно барање и одлуката за објавување на пресудата во медиумите.

**Жртва**

Жртва на кривично дело е секое лице кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или лице чии права и интереси се загрозени како последица на стореното дело. Жртвата има право на надомест на претрпената штета која вклучува материјална и нематеријална штета, кое право може да го оствари со поднесување на имотно-правно побарување во тековната кривична постапка или преку поведување на парнична односно граѓанска постапка (види повеќе за имотно-правно побарување).

3

**Забрана за стекнување акционерски права**

Со Законот за спречување на корупцијата, избран или именуван функционер, службено лице и одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или во друго правно лице што располага со државен капитал, не може во текот на траењето на мандатот односно должноста и во рок од три години по нејзиниот престанок да стекне, по која и да е основа и во кој и да е облик акционерски права во правно лице врз кое тој

или органот во кој работи или работел врши, односно вршел надзор, освен ако тие права ги стекне по пат на наследување.

**Забрана на влијание за вработување блиски роднини**

Со Законот за спречување на корупцијата, избран или именуван функционер не смее да врши влијание за вработување или унапредување на член на неговото семејство во органот во кој е избран или именуван, или во друг државен орган или јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал врз кое врши надзор органот во кој функционерот е избран или именуван. Избран или именуван функционер, службено лице и одговорно лице во јавно претпријатие и друго правно лице што располага со државен капитал е должно да ја извести Државната комисија за секој избор, именување или вработување, унапредување на член на неговото семејство во државен орган, орган на локалната самоуправа, јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал во рок од десет дена по извршениот избор, именување, унапредување или вработување.

**Забрана на злоупотреба на медиумите**

Со Законот за спречување на корупцијата се забранува злоупотребата на медиумите и се предвидува дека никој не може да користи средство за јавно информирање за лажно обвинување на друг за корупција. Исто така, секое лице коешто објавува информација за корумпираност на друг, должно е да ја почитува претпоставената невиност и принципите на вистинито, објективно и непристрасно информирање, како и други принципи содржани во кодексот на професионалната етика на новинарите.

**Завршни зборови**
Завршните зборови следуваат на крајот на главната расправа, по завршување на доказната постапка. Имено, откако судот ќе ја заклучи доказната постапка, ги повикува тужителот, оштетениот, бранителот и обвинетиот да го дадат својот завршен збор.

**Заштита на личните податоци**
Како личен податок се смета секоја информација која се однесува на идентификувано лице или преку која може да се идентификува одредено физичко лице, односно преку која идентитет на лицето може да се утврди директно или индиректно. Како личен податок посебно се смета единствениот матичен број на граѓанинот или едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, ментален, економски, културен или социјален идентитет. Личните податоци кои го откриваат идентитетот на поединецот уживаат законска заштита. Затоа, професионалното вршење на новинарската професија налага почитување на приватноста и личните податоци на лицата за кои се спроведуваат истражувања за коруптивни дејствија или за лицата кои се осомничени или обвинети. Новинарите треба со особено внимание да постапуваат со евентуалните траги и информации за сторени кривични дела, водејќи сметка да не се наруши начелото на презумција на невиност и личниот интегритет на тие лица. Законот за заштита на личните податоци определува кои податоци имаат личен карактер, вклучувајќи ги посебно податоците за здравствената состојба и приватноста на сите лица и учесниците во постапката пред судовите и други управни органи. Сепак, со оглед на функциите коишто ги извршуваат јавните личности многу повеќе се наоѓаат во средиштето на интересот на јавноста и се изложени на поголема критика и упади во нивниот

приватен живот отколку останатите граѓани. Постојат посебни категории на лица како што се децата односно лицата под 18 години кои уживаат посебна заштита и за објавување на нивни лични податоци е потребна согласност од родителите или старателите. За нив се бара да се употребуваат иницијали и да се обезбеди друга соодветна заштита, како дисторзија на ликот и гласот доколку се снимаат. Во секој одделен случај треба да се оцени дали постојат легитимни и дозволени основи кои укажуваат дека преовладува јавниот интерес за да се објави одреден податок кој инаку претставува личен или податок од приватната сфера на поединецот. Кога јавниот интерес е поголем и оправдан, медиумите треба да обезбедат соодветно анонимизирање за лицата кои се инволвирани во истражната постапка.

**Заштита на сведоци**

Заштитата на сведоците, соработниците на правдата и жртвите е регулирана со Законот за заштита на сведоци и ЗКП (види повеќе загрозен сведок). Законот за заштита на сведоци се применува кога докажувањето на кривичното дело е проследено со несразмерни тешкотии или не може да се изврши без исказ на лице, за кое постои опасност дека ќе биде изложено на заплашување, закана, одмазда или опасност по животот, здравјето, слободата, физичкиот интегритет или имот од поголем обем, па од тие причини лицето не се согласува да даде исказ. Притоа, сведочењето треба да се однесува за кривични дела против државата, против човечноста и меѓународното право, дела од областа на организираниот криминал и дела за кои со КЗ е пропишана казна затвор од најмалку четири години. Законот определува дека под поимот заштитено лице се подразбира сведок, соработник на правда, жртва која се јавува во својство на сведок

и нивните блиски лица, кое со одлука на Советот за заштита на сведоци е вклучено во Програмата за заштита и со кое Одделението за заштита на сведоци при МВР има склучено спогодба за заштита. Програмата за заштита на сведоци претставува систем на законски мерки и активности кои ги презема Одделението за заштита на сведоци кои се насочени кон заштита на животот, здравјето, слободата, физичкиот интегритет или имотот од поголем обем на лицата вклучени во неа. За вклучување во Програмата потребна е писмена согласност од лицето кое се предлага да биде вклучено, а за вклучувањето и престанувањето одлучува Советот за заштита на сведоци. Предлог за вклучување во Програмата до Советот поднесува Јавниот обвинител на Република Македонија и Јавниот обвинител за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите. Одделението за заштита на сведоци при МВР може да ги определи. Постојат следниве мерки за заштита: чување на тајност на идентитетот, обезбедување на лична заштита, промена на живеалиште односно престојувалиште, а за мерката промена на идентитет одлучува Советот. Заштитната мерка промена на идентитет се состои од делумна или целосна измена на личните податоци на заштитеното лице коишто се внесуваат во нови лични исправи и коишто не смеат да бидат идентични со податоците на друго лице. Во спроведувањето на оваа мерка, исто така, може да се преземат активности за промена на физичките карактеристики на заштитеното лице. Во одредени околности, откривањето на идентитетот на заштитениот сведок или соработник на правдата може да доведе до сериозни последици по неговото здравјето и безбедност, па поради тоа предвидена е кривична одговорност. Имено, Законот за заштита на

сведоци предвидува дека тој што ќе открие идентитет на заштитен сведок ќе се казни со казна затвор од најмалку 4 години. Доколку настанат тешки последици по здравјето на сведокот или смртни последици, лицето што го открило идентитетот на заштитениот сведок ќе се казни со казна затвор од најмалку 8 години, најмалку 15 години или со доживотен затвор.

**Заштита на средствата за јавно информирање и новинарите**

Кога медиумите и новинарите работат на истражување на корупцијата, тие мора да бидат заштитени од секаков вид на притисоци, закани, заплашувања, влијанија или уцени. Во таа смисла, Законот за спречување на корупцијата забранува каква било присилба, спречување или влијание на друг начин врз средствата за јавно информирање да објавуваат или да не објавуваат информации за случаи на корупција. На новинарот му се гарантира право на непречен пристап до сите извори на информации во согласност со закон. Ова прашање е уредено со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а исклучоците се однесуваат на класифицираните информации (види повеќе). Глоба за прекршок ќе му се изрече на тој којшто врши присилба или на кој и да било начин забранува да се објави или да не се објавува информација за случај на корупција, освен ако се остварени елементите на кривично дело, како и тој којшто го попречува пристапот кон изворите на информации.

**Злоупотреба на службени податоци**

Избран или именуван функционер, службено лице или одговорно лице во јавно претпријатие не смее да ги користи информациите со кои располага за остварување корист за себе или за друг. Обврската од став 1 на член 31 од Законот за спречување на корупцијата останува во

рок од три години од денот на престанокот на функцијата, односно должноста, освен ако со закон не е поинаку определено. Лицето не смее да држи во тајност податоци што според овој или друг закон мораат да бидат објавени или да бара пристап кон податоци за кои знае дека не е овластен да ги добие или да се однесува несовесно кон чувањето на податоците што претставуваат тајна.

И

**Извор на информации**

Законот за спречување на корупцијата предвидува заштита на изворот на информации на новинарите и предвидува дека никој не може од новинарот кој објавил информација за акт на корупција да бара да го открие изворот на информацијата, освен во постапка пред суд.

**Извршна пресуда**

Правосилната пресуда станува извршна кога е доставена до странките и кога за извршувањето не постојат законски пречки. Ако не е изјавена жалба или странките се одрекле или откажале од жалбата, одлуката е извршна со истекот на рокот за жалба (15 или 8 дена), односно од денот на одрекувањето или откажувањето од изјавената жалба.

**Извршување на санкции**

Надлежен суд за извршување на санкциите е основниот суд според местото на живеалиштето односно престојувалиштето на осуденото лице. Ако судот што ја донел одлуката во прв степен со која е изречена санкцијата не е надлежен за нејзино извршување, до судот што е надлежен за извршувањето (или друг орган - во зависност од видот на санкцијата) ќе достави заверен препис од одлуката со потврда дека истата е извршна. Во сите основни судови се определува судија за извршување на санкциите. Судијата за извршување на санкциите ги штити

правата на осудените лица, врши надзор над законитоста во постапката за извршување на санкциите и обезбедува рамноправност и еднаквост на осудените лица пред законот.

**Изрекување и објавување на пресуда**

По завршување на главната расправа, судечкиот совет се повлекува на советување и гласање заради донесување пресуда. Пресудата се изрекува и јавно се објавува „во името на граѓаните на Република Македонија". Претседателот на судечкиот совет јавно ќе ја прочита изреката на пресудата и ќе ги образложи причините. Сите присутни читањето на изреката на пресудата го сослушуваат стоејќи. По објавувањето на пресудата странките се поучуваат на правото на жалба и одговор на жалба. Доколку судот не е во можност да ја изрече пресудата истиот ден по завршување на главната расправа, ќе го одложи објавувањето на пресудата најмногу за три дена и ќе го определи времето и местото на објавувањето на пресуда. Пресудата се објавува јавно и во случаите кога јавноста била исклучена од главната расправа. Потоа следува писмена изработка и доставување на пресудата. Пресудата што е објавена мора писмено да се изготви во рок од 15 дена по објавувањето, а во сложени предмети по исклучок во рок од 60 дена.

**Имател на информации**

Под поимот иматели на информации, согласно Законот за слободен пристап на информации се опфатени органите на државната власт, други установи и институции утврдени со закон, органите на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, јавните установи и служби, јавните претпријатија и правни и физички лица кои вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес утврдени со закон.

**Исклучување на јавноста од главната расправа**
Од општото начело на јавност на главната расправа (види повеќе), постојат околности кои налагаат исклучување на јавност. Основите за исклучување на јавноста мора да бидат легитимни односно јасно предвидени со закон, како на пример ограничување за обелоденување и пренесување на класифицирани информации или податоци поврзани со заштитени сведоци, соработници на правдата и деца, како и во случаите кога треба да се почитува приватноста и правата на странките. Така, судот може во секое време по службена должност или по предлог на странките или оштетениот да ја исклучи јавноста од дел на главната расправа или од целата расправа, ако е тоа потребно заради чување на државна, воена, службена или важна деловна тајна, чување на јавниот ред, заштита на приватниот живот на обвинетиот, сведокот или оштетениот, заштита на безбедноста на сведокот или жртвата и/или заштита на интересите на дете. Јавноста може да биде исклучена и поради природата и тежината на кривичното дело, околностите под кои истото е сторено, како и поради постоење на други специфични околности (возраст, посебен статус на сведокот и друго). Судот е должен да донесе решение за исклучување на јавноста кое мора да биде образложено и јавно објавено за конкретниот случај. Исклучувањето на јавноста не се однесува на странките, оштетениот, нивните законски застапници и полномошници, како и на бранителот, освен во случаи определени со закон.

**Интегритет**
Интегритетот има повеќе значења меѓу кои тој означува „отпорност кон корупција”. Постојат два главни вида на интегритет кои се меѓусебно тесно поврзани, а тоа се институционалниот и личниот интегритет. Институционалниот интегритет подразбира систем од

сите политики, стандарди и процедури воспоставени во една организација /институција кои ја зајакнуваат нејзината отпорност кон корупција и го намалуваат ризикот од коруптивно однесување од страна на вработените. Од друга страна, личниот интегритет означува поседување знаења и вештини, личен етички капацитет, посветеност да се почитуваат воспоставените правила и процедури и секогаш да се работи во полза на јавниот интерес, да се одбегнува судирот на интереси и создавање на негативни услови и амбиент во работната и приватната средина.

**Информации од јавен карактер и слободен пристап до овие информации**

Со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се обезбедува јавноста и отвореноста во работењето на имателите на информации од јавен карактер и постапката за пристап до овие информации на сите правни и физички лица.

**Исклучување на јавноста од истрагата - тајност на истрагата**

Јавноста е целосно исклучена во претходната постапка односно од предистражната фаза или таканаречена полициска истрага, како и во фазата на истрага. Сите податоци во истрагата се тајни во интерес на правично и правилно водење на кривичната постапка, расветлување на кривично-правниот настан и заштита на правата и утврдување на вината на осомничениот и заштита на животот и здравјето на луѓето и другите општи добра. Во текот на истражната постапка посебно е забрането да се открива идентитетот на децата и идентитетот на заштитените сведоци. Истражната постапка ја води јавното обвинителство и во неа се вклучени правосудната полиција и други

надлежни државни органи. Сепак, и покрај тајноста на предистражната и истражната постапка, на новинарите треба да им се дадат точни и објективни информации за текот на истрагата и анонимизирани податоци за осомичениот/те. Овие податоци ги дава надлежното јавно обвинителство кое раководи со истрагата во форма на соопштенија, изјави, интервјуа, ажурирање на интернет страната и друго. Податоците треба да бидат релевантни и да се однесуваат на одредени процесни дејствија, како на пример лишување од слобода, само со објавување на иницијалите на лицата или дека е извршен претрес, увид и реконструкција. Тајноста се обезбедува и кога треба да се заштити личниот и семејниот живот на оштетениот или осомничениот. Во таков случај јавниот обвинител ќе му нареди на лицето кое го сослушува, кое присуствува на истражното дејствие или кое ги разгледува списите, да ги чува како тајна определени податоци и ќе го предупреди за последиците од одавањето на тајната.

J

**Јавен интерес**

Јавен интерес е поширок општествен интерес за општото добро и напредок на сите граѓани под еднакви услови во материјална и нематеријална смисла, којшто може да биде загрозен со предизвикување штета од материјална и нематеријална природа поради дејствување од позиција на судир на приватниот со јавниот интерес.

**Јавен обвинител**

Јавниот обвинител ги гони сторителите на кривични дела за кои гонењето се презема по службена должност. Заради остварување на функцијата на кривично гонење јавниот обвинител раководи со

предистражната и истражната постапка и ја има на располагање правосудната полиција. Поконкретно, јавниот обвинител ги има следниве права и должности:

1) Да ги насочува дејствијата на органите надлежни за откривање и пријавување на кривичните дела и на нивните сторители;

2) Да предлага или да издава наредба за преземање на посебни истражни мерки;

3) Да донесува наредба и да спроведува истражна постапка;

4) Да пронаоѓа, предлага и обезбедува докази под услови и на начин определени со закон;

5) Да предлага привремени мерки заради обезбедување на имот или предмети прибавени со кривично дело или заради извршување на мерката конфискација;

6) Да одлучува за одлагање на кривичното гонење,

7) Да преговара и да се спогодува со обвинетиот за признавање на вина (види повеќе);

8) Да поднесува и застапува обвиненија пред надлежниот суд;

9) Да поднесува жалби против неправосилни судски одлуки и вонредни правни лекови против правосилни судски одлуки;

10) Да одлучува по жалба на оштетениот и

11) Да презема и други дејствија утврдени со закон.

Јавниот обвинител и правосудната полиција за сторено кривично дело може да дознаат со непосредно забележување, по допрен глас или по примена кривична пријава. Заради прибирање на потребни известувања, јавниот обвинител може да го повика подносителот на кривичната пријава, како и други лица за чии сознанија смета дека може да придонесат за оцена на

веродостојноста на наводите во пријавата или за кои смета дека може да бидат сведоци во постапката, при што ги известува за причините за повикувањето (види повеќе Јавно обвинителство).

**Јавност во кривичната постапка**

Начелото на јавност е едно од основните начела врз кои почива кривичната постапка во секоја демократска држава која се заснова на владеење на правото и доследно почитување на слободите и правата на сите граѓани. Начелото на јавност на главната расправа и на објавувањето на пресудата е уставно начело. Уставот, како највисок правен акт предвидува дека расправата пред судовите е јавна, а ЗКП пропишува дека кривичната постапка е јавна со исклучок на претходната односно предистражната и истражната постапка. Исто така, Законот за спречување на корупција содржи општа одредба со која се предвидува дека никој не може да ја исклучи јавноста од расправата за корупција пред надлежен орган или правно лице, освен кога се работи за претходна постапка што е прогласена за доверлива. Согласно ЕКЧП, секој има право на правично и јавно судење, судење во разумен рок пред независен и непристрасен со закон воспоставен суд, да бидат разгледани и утврдени неговите граѓански права и обврски или основаноста на какви било кривични обвиненија против него. Пресудата се изрекува јавно, а новинарите и јавноста можат да бидат исклучени за време на целата или на дел од постапката во интерес на правдата, моралот, јавниот ред или националната безбедност во едно демократско општество или кога тоа го налагаат интересите на децата и заштитата на приватниот живот на страните. Судењата по правило се јавни освен во случаи предвидени со закон. Тоа значи дека општата јавност и новинарите не можат да бидат

генерално исклучени од судењето, туку судечкиот совет кој ја води расправата ќе донесе решение што ќе го објави пред присутните во судницата и на тој начин сите ќе бидат информирани за причините кои довеле до тоа судот да одлучи да ја исклучи јавноста во дадениот предмет.

**Јавност во однос на работа на судот**

Јавноста во работата на судот се обезбедува на повеќе начини и тоа: преку објавување на податоци за бројот на предметот, судијата, датумот, часот и судницата во која се води расправата; јавно објавување на годишен извештај за резултатите од работата на судот и судиите. Со цел отворено и објективно информирање на јавноста за работата на судот преку средствата за јавно информирање, претседателот на судот или лице одговорно за односи со јавноста определено од претседателот на судот дава информации за работата на судот односно за текот на постапката по конкретен предмет. Претседателот на судот и лицето одговорно за односи со јавноста даваат информации за јавноста, водејќи сметка за тоа да не се наруши угледот, честа и достоинството на личноста, односно независноста и самостојноста на судот.



**Казни, видови казни**

Казната е еден од видовите на кривични санкции и таа има ретрибутивен и превентивен карактер. Тоа значи дека таа има карактер на справедливо возвраќање (казнување) за стореното дело, а истовремено има влијание и врз ресоцијализацијата на сторителот и негово одвраќање од понатамошно вршење на кривични дела (специјална превенција), како и воспитно влијание на други лица да не вршат кривични дела

(генерална превенција). Во КЗ предвидени се следниве видови на казни: 1) Казна затвор како најтешка казна со којашто се задира во правото на слобода на осудениот. Затворската казна не може да биде пократка од 30 дена или подолга од 20 години. Постојат сериозни дела за кои е пропишана казна доживотен затвор, која може да се изрече како казна долгорочен затвор од 40 години. 2) Парична казна со која се ограничува правото на сопственост. Таа се изрекува во дневни глоби во распон од 5 до 360 дневни глоби. Најмалата вредност на дневната глоба е 1 евро, а најголемата 5000 евра во денарска противвредност. 3) Забрана за вршење професија, дејност или должност се изрекува кога сторителот ја злоупотребил својата професија, дејност или должност во однос на стекнување, располагање и управување со имот и постои опасност дека таквата дејност ќе ја злоупотреби за повторно вршење на кривично дело. Оваа забрана може да се изрече и на службено лице, одговорно лице во правното лице или лице кое врши работи од јавен интерес. Истата може да биде во траење од една до десет години, 4) Забрана за управување со моторно возило, 5) Протерување странец од земјата и 6) Забрана за посетување на спортски натпревари. Понатаму, казните се делат на две групи: главни и споредни. Главни казни се затворот и паричната казна. Затворот може да се изрече исклучиво како главна казна. Заедно со главната казна, судот може да изрече една или повеќе споредни казни.

**КД - Давањето поткуп**

Ова КД е пропишано со член 358 од КЗ.

Давањето поткуп според дејствието на извршување и објектот на заштита е многу слично со делото примање поткуп. Овие две кривични дела, како класични корупциски дела се во тесна меѓусебна корелација, при

што тие можат да постојат одделно или да се извршат во (тајна) спрега помеѓу давателот и примателот на поткупот. Давањето поткуп или т.н. активно поткупување го врши било кое лице, за разлика од примањето поткуп каде како сторителот на делото може да се јави само службено, одговорно лице или лице кое врши работи од јавен интерес (види повеќе за КД – примање поткуп). Делото постои кога сторителот директно или индиректно на службено лице ќе му даде, вети или ќе му понуди подарок или друга корист за него или за друг. Постојат два облици на ова дело:

1) Кога се дава ветување или подарок или друга корист на службено лице за да изврши службено дејствие што не би смеело да го изврши или да не изврши службено дејствие што би морало да го изврши или посредува при ова. За овој облик на т.н. право активно поткупување предвидена е казна затвор од една до пет години.

2) Кога се дава ветување или подарок или друга корист на службено лице за да се изврши службено дејствие што би морало да го изврши или да не изврши службено дејствие што не би смеело да го изврши или посредува при ова. За овој облик на т.н. неправо активно поткупување предвиден е затвор од една до три години.

Судот може го ослободи од казна сторителот кој дал или ветил поткуп по барање од службено лице и тоа го пријави пред да дознае дека делото е откриено. Ова дело се однесува и на одговорно лице, одговорно лице во странско правно лице, лице кое врши работи од јавен интерес и странско службено лице. За ова дело предвидена е и кривична одговорност на правното лице. Дадениот подарок или имотна корист се одземаат.

**КД - Даночно затајување**

Ова КД е уредено со член 279 од КЗ.

Иако даночното затајување е општо кривично дело и може да го изврши кое било, а не само службено лице, сепак е важно да се познаваат неговите законски обележја поради фактот што постои тенденција на непријавување или прикривање на „нелегално стекнатиот имот” и неисполнување на даночните и други фискални обврски спрема државата. Постојат два облици на ова дело:

1) Кога сторителот со намера самиот или некој друг да одбегне целосно или делумно плаќање данок, придонес или некоја друга давачка на која е обврзан со закон дава лажни податоци за своите приходи или за приходите на правното лице, предметите или другите факти од влијание за утврдување на износот на ваквите обврски и

2) Кога сторителот со иста намера во случај на задолжителна пријава не пријави приход, односно предмет или друг факт од влијание за утврдување на ваквите обврски, а износот на обврската е од поголема вредност. За делото е пропишана казна затвор од шест месеци до пет години и парична казна. Доколку износот на обврската е значителен, предвидена е затворска казна од најмалку четири години и парична казна. Како сторител на делото може да се јави и правно лице, во кој случај се изрекува парична казна.

**КД - Злоупотреба на државна, службена или воена тајна**
Делото е уредено со член 360-а од КЗ.
Како субјект на делото се јавува службено лице коешто ќе искористи податоци што претставуваат државна, службена или воена тајна со намера за прибавување, за себе или за друг, некаква корист или нанесување штета на друг. Одговорност постои и по престанувањето на службата, доколку со истата намера лицето ги искористи таквите податоци или ги соопшти, предаде или стори достапни на друг на користење. За делото е пропишана казна затвор од три месеци до пет години.

**КД - Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство**
Ова дело против јавните финансии е уредено со член 275-в од КЗ.
Делото се состои во свесно односно намерно прекршување и изигрување на прописите за јавни набавки, посебно прописите според кои се спроведува постапката за јавен повик и се доделуваат договори за јавна набавка или јавно-приватно партнерство, а со цел за себе или за друг да оствари поголема имотна корист. Дејствието на извршување може да состои од поднесување невистинита документација, договарање со други можни учесници заради изигрување на постапката за доделување на договори за јавна набавка, неизвршување на обврските од договорот со намера истиот да се изигра или на друг начин намерно да се повредат правилата поради лукративни цели или се нанесува поголема штета. За овој основен облик на делото предвидена е парична казна или затвор до три години. Доколку со извршување на делото е остварена значителна имотна корист или предизвикана значителна штета, се изрекува затворска казна од најмалку четири

години. Доколку станува збор за имотна корист од поголеми размери или штета од поголеми размери, се изрекува казна затвор од најмалку пет години. На сторителот му се изрекува и забрана за вршење на професија, дејност или должност. Ако делото го стори правно лице ќе се казни со парична казна и забрана за учество во постапки за доделување на договори за јавна набавка.

**КД - Злоупотреба на службената положба и овластување**
**Ова КД е предвидено со член 353 од КЗ**.
Примарниот објектот на заштита претставува „законито, совесно и правилно извршување на службените, јавните и други овластувања". Исто така, со ова дело се заштитуваат и основните слободи и права на граѓаните и односот на доверба на граѓаните кон носителите на службени и јавни овластувања и должности. Субјект или извршител на КД е службено лице, а дејствието на извршување се состои во искористување, пречекорување и неизвршување на службено овластување. Ова КД постои во три случаи:

1) Кога службено лице ќе ја искористи својата службена положба или овластување за да преземе одредено дејствие (не постои злоупотреба во формална, туку во материјална смисла);

2) Ќе ги пречекори границите на своето службено овластување (на пример, фалсификување на исправа), но нема пречекорување доколку дејствието не е во врска со преземањето службено дејствие, на пример кражба или

3) Службеното лице нема да ја изврши својата службена должност.

Во сите случаи, службеното лице прибавува за себе или за друг некаква корист или на друг му нанесува штета.

Користа односно штетата може да биде од материјална или нематеријална природа. Под остварување корист за друг се подразбира и користа што се остварува за органот во кој сторителот работи. За ова КД пропишана е казната затвор од шест месеци до три години. За потешките облици на ова дело, како прибавување на поголема или значителна корист, се казнува построго со казна затвор од шест месеци до три, односно пет години. Квалификаторен елемент кој повлекува казна затвор од најмалку пет години е доколку злоупотребата на службената должност е сторена во вршењето на јавни набавки или на штета средствата на буџетот на Република Македонија, од јавните фондови и другите средства на државата.

**КД - Измама во службата**

Ова КД е уредено со член 355 од КЗ.

За ова кривично дело се бара инкриминирано дејствие и намера да се оствари одредена корист. Имено, службено лице кое при вршење на службата со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист ќе поднесе лажни сметки или на друг начин ќе доведе во заблуда овластено лице да изврши незаконита исплата, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години. Покрај службеното лице, законот предвидува одговорност и за одговорно лице, одговорно лице во странско правно лице што има претставништво или врши дејност во Република Македонија, или лице кое врши работи од јавен интерес.

**КД - Неовластено примање подароци**
**- КД Неовластено давање подароци**

Овие дела се уредени со член 253 и член 253-а од КЗ.

Со овие дела се инкриминира коруптивното однесување во вршењето на стопанска, финансиска, трговска,

услужна или друга економска дејност односно во приватниот сектор. Двете дела се во меѓусебна тесна релација како што е случајот со давањето и примањето поткуп, но сепак тие можат да постојат одделно.

Кај неовластеното примање подароци сторител може да биде кое било лице, а дејствието на извршување се состои од директно или индиректно барање или согласување да прими за себе или за друг подарок или друга посредна или непосредна на корист или ветување или понуда за таква корист. Постојат три облици на делото:

1) Кога лицето го презема дејствието опишано погоре со цел да ги запостави интересите на правното или физичкото лице да оствари неоправдана корист или да предизвика штета од поголема вредност за правното или физичкото лице или за трето лице.

2) Кога лицето го презема дејствието за да не се склучи или продолжи договор или да не се преземе друго дејствие во корист на правното или физичкото лице чии интереси ги застапува. За овие два облици предвидена е казна затвор од една до пет години.

3) Кога лицето ќе се согласи да прими неовластено подарок или друга корист по склучувањето на договорот или преземањето или непреземањето на друго дејствие, предвидена е парична казна или затвор до три години. Примениот подарок или друга корист се одземаат. Законот предвидува одговорност на правните лица.

Делото неовластеното давање на подароци на сосема идентичен начин ги инкриминира дејствијата на извршување на сторителот, кој во овој случај е лице кое ќе понуди или ќе даде на друг подарок или друга корист или ветување или понуда за таква корист во случаите и под околностите коишто се објаснети погоре кај делото неовластеното примање на подароци.

**КД - Несовесно работење во службата**

Ова КД е предвидено со член 353-в од КЗ.

Несовесното постапување може да се состои во дејствија со кои се повредува некој формален пропис, се злоупотребуваат дискрециските овластувања или се пропушта должен надзор. Под друг начин на очигледно несовесно постапување се подразбираат различни дејствија на неправилно и неетичко вршење на должноста (спротивно на нормите на професионалната етика на службените лица за постапување во случај на можна корупција, конфликт на интереси). Последица на ова дело е прибавување некаква корист за себе или за друг. Пропишана е казна затвор од три месеци до три години за несовесно постапување на службените лица.

**КД - Одавање службена тајна**

Ова КД е уредено со член 360 од КЗ.

Субјект на ова дело е службено лице, а дејствието што го врши е да соопшти, предаде или на друг начин да ги стори достапни податоци што претставуваат службена тајна на јавноста или на неповикано лице или да прибави такви податоци со намера да ги соопшти или да ги предаде на јавноста или на неповикано лице. Законот предвидува казна затвор од три месеци до пет години. Како службена тајна се сметаат податоците или документите што со закон, со друг пропис или со одлука на надлежниот орган донесени врз основа на закон се прогласени како службена тајна и чие откривање има или може да има штетни последици за службата. Ако едно лице ја одаде службената тајна од користољубие, односно заради остварување на имотна корист или заради користење на податоците во странство, предвидена е затворска казна од најмалку една година.

**КД - Перење на пари и други приноси од казниво дело**

Делото е уредено со член 273 од КЗ и произлегува од обврските на државата преземени со ратификуваните меѓународни договори. Кај ова дело суштествено значење има објектот, а тоа се пари или друг имот што сторителот го прибавил со казниво дело или за кој знае дека се прибавени со казниво дело. Со ова дело се инкриминирани повеќе дејствија односно постојат повеќе облици на ова делото:

1) Кога сторителот пушта во оптек или промет, прима, презема, заменува или раситнува противправно стекнати пари или друг имот, или кога на друг начин, прикрива дека тие потекнуваат од таков извор или ја прикрие неговата локација, движење или сопственост.

2) Кога сторителот поседува или употребува имот или предмети за кои знае дека се прибавени со извршување на казниво дело или со фалсификување на исправи, непријавување на факти или на друг начин ќе прикрие дека потекнуваат од таков извор или ќе ја прикрие нивната локација, движење и сопственост. За ваквите дејствија предвидена е казна затвор од една до десет години.

3) Квалификуваните облици на делото постојат во случај кога делото е сторено во банкарско, финансиско или друго стопанско работење или ако со разделување на трансакцијата сторителот ја избегнува законската должност за што ќе казни со затвор од најмалку три години.

4) Сторителот кој бил должен и можел да знае дека парите, имотот и други приноси од казниво дело се прибавени со казниво дело, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

5) Доколку делото е сторено од организирана криминална група или здружение што се занимава

со перење пари, членот на групата ќе се казни со затвор од најмалку пет години.

6) Службено лице, лице што врши работи од јавен интерес, одговорно лице во банка, осигурително друштво и други правни лица предвидени со закон кое ќе овозможи или ќе дозволи противправна трансакција или деловен однос, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

7) Службено лице, одговорно лице во банка или друга финансиска институција, или лице кое врши работи од јавен интерес кое според закон е овластено да презема мерки и дејствија за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело, а кое неовластено ќе открие на клиент или на неповикано лице податоци што се однесуваат на постапката на испитување на сомнителни трансакции или на примена на други мерки и дејствија за спречување на перење пари, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

8) Ако делото е сторено од користољубие или заради користење на податоци во странство, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку една година. Приносот се одзема, а ако одземањето не е можно од сторителот се одзема друг имот сразмерно на неговата вредност.

**КД - Послужување во службата**

Ова КД е уредено со член 356 од КЗ.

Службено лице кое неовластено ќе се послужи со пари, хартии од вредност или други подвижни предмети кои му се доверени во службата или овие предмети неовластено ќе му ги даде на друг да се послужи, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

**КД - Поткуп при избори и гласање**

Ова дело е пропишано со член 162 од КЗ.

Како сторител може да се јави кое било лице, а не само службено лице, кое на лице со избирачко право му нуди, дава или ветува подарок или друга корист со намера да го придобие да го врши, да не го врши или како да го врши избирачкото право. Делото може да го изврши и лице кое е носител на избирачко право и кое за себе бара или прими подарок или друга корист за да го врши, да не го врши или како да го врши избирачкото право. За ваквото противправно поведение, законот предвидува казна затвор од најмалку пет години. Доколку користа е од помала вредност на сторителот ќе му се изрече парична казна или со затвор до една година. Во случај кога делото ќе го стори правно лице, тоа се казнува а со парична казна.

**КД - Примање награда за противзаконито влијание - КД - Давање награда за противзаконито влијание**

Првото КД е предвидено со член 359 КЗ.

Како сторител се јавува кое било лице кое директно или индиректно ќе прими награда, подарок или друга корист или ветување или понуда за таква корист за себе или за трето лице, за да со искористување на своето реално или претпоставено влијание, службена или општествена положба и углед бара, интервенира, поттикнува или на друг начин влијае за да се злоупотреби службата односно:

1) Да се изврши службено дејствие што морало да се изврши или да не се изврши дејствие што не смеело да се изврши (искористување на службената положба) или

2) Да се изврши службено дејствие што не би смеело да се изврши или да не се изврши службено дејствие што би морало да се изврши (пречекорување на службената положба).

Казната за ваквото постапување е затвор од една до три години. Доколку дејствието на делото е извршено во врска со покренување или водење кривична постапка против определено лице, предвиден е затвор од една до пет години и забрана за службеното лице да ја врши својата должност во траење од една до десет години. Законот предвидува одговорност и во случај кога дејствието на извршување е насочено кон одговорно лице, одговорно лице во странско правно лице што врши дејност во Република Македонија или лице кое врши работи од јавен интерес, а предвидена е парична казна или затвор до една година. Покрај основниот, предвиден е квалификационен облик кога за последица делото имало противзаконито стекнување или губење на права или стекнување поголема имотна корист или нанесување поголема штета за друг, во кој случај затворската казна се движи од една до пет години. За ова дело предвидена е одговорност и на правно лице.

Пандан на примањето претставува давањето награда за противзаконито влијание, кое КД е инкриминирано со член 358-а од КЗ. Овие две дела се идентични по нивната природа, дејствието на извршување и објектот на заштита, со таа разлика што кај примањето сторителот се наоѓа во пасивна улога, додека кај давањето сторителот се наоѓа во активна улога и дава награда, подарок или друга корист или ветување за себе или за друг за да издејствува злоупотреба и искористување на службената положба. Ако делото е сторено по барање на лицето кое треба противзаконито да посредува, а сторителот го пријавил пред да биде откриено или пред да дознае дека е откриено, може да се ослободи од казна. Наградата, подарокот или другата корист ќе се одземат.

**КД - Примање поткуп**

Ова КД е уредено со член 357 од КЗ.

Примањето поткуп (види и давање поткуп) претставува класичен и најчест облик на коруптивно однесување, со коешто носителите на службените и јавни овластувања на незаконски и недозволен начин и злоупотреба на нивната положба се стекнуваат со имотна корист и привилегии. Дејствието на извршување кај ова КД може да се состои од преземање или непреземање на службено дејствие. Не постои поткуп ако некое лице прими подарок или ветување за подарок за да изврши дејствие коешто не е службено. Ова значи дека како сторител на ова дело може да се јави исклучиво службено лице. Инкриминирани се три основни облици на делото поткуп и тоа:

1) Кога службеното лице побарува или прима подарок или ветување за подарок или друга корист за да преземе службено дејствие што не би смеел да го изврши или за да не преземе некое дејствие кое инаку мора да го изврши (пречекорување на службените овластувања). За ова дело ќе се казни со казна затвор од една до пет години.

2) Кога службеното лице ќе постапи спротивно на закон со тоа што ќе изврши определено дејствие што би морало да го изврши или кога нема да изврши дејствие што не би смеело да го изврши (искористување на службените овластувања). За ова дело е предвидена казна затвор од четири до десет години.

3) Дополнително поткупување кога службеното лице побара, прими или се согласи да прими подарок или друга корист по постапувањето на еден од начините објаснети погоре, ќе се соочи со казна затвор од три месеци до три години. Доколку со делото се прибави поголема или значителна имотна корист, сторителот ќе се казни со казна затвор од најмалку 4 односно 5 години. Покрај тоа, на сторителот ќе му се забрани

да ја врши својата службена должност во траење од една до десет години и стекнатата имотна корист ќе се конфискува. Покрај службено лице, одговорност за примање поткуп може да сноси и одговорното лице на правно лице или лице кое врши јавен интерес и странско службено лице.

**КД - Проневера во службата**

Ова КД е уредено со член 354 од КЗ.

Проневера во службата подразбира прибавување за себе или за друг противправна имотна корист на начин што службеното лице ќе присвои пари, хартии од вредност или други подвижни предмети доверени во службата. За ова дело е предвидена казна затвор од шест месеци до три години. Доколку со извршување на делото се прибави поголема имотна корист или се предизвика поголема имотна штета или потешко бидат повредени правата на друг, казната е затвор од шест месеци до пет години. Во случај кога прибавената имотна корист е значителна, казната е најмалку четири години затвор, додека за мала имотна корист е предвидена парична казна или затвор до една година.

**КД - Противзаконита наплата и исплата**

Ова КД е уредено со член 362 од КЗ.

Противзаконита наплата има кога службеното лице од друго лице ќе наплати износ што тој не е должен да го плати или ќе му наплати повеќе отколку што лицето е должно да плати. За противзаконита исплата, пак, станува збор кога при исплатата или предавањето на предметите службеното лице ќе исплати или ќе предаде помалку отколку што било должно. За ова дело предвидена е парична казна или затвор до три години.

**КД - Противправно стекнување и прикривање имот**

Ова КД е предвидено во член 359-а од КЗ.

Субјект на делото е службено лице или одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, а дејствието на извршување се состои од прикривање односно непријавување на имотната состојба или нејзината промена и давање на лажни или непотполни податоци за својот или имотот на членовите на неговото семејство. За ова дело предвидена е казна затвор од шест месеци до пет години и парична казна. Казната се изрекува кога ќе се утврди дека за време на вршењето на функцијата и должноста лицето или член на неговото семејство стекнало имот што во значителна вредност ги надминува неговите законски приходи, дало лажни податоци или ги прикрило вистинските извори на приходи. Во случај кога имот е зголемен во голем размер, на сторителот му се изрекува казна од една до осум години и парична казна. Освен кумулацијата на затворска и парична казна, предвидена е и конфискација на имотот.

**Класифицирани информации**

Согласно Законот за класифицирани информации, информациите можат да бидат класифицирани како: интерни, доверливи, строго доверливи и државна тајна. Класифицираните информации имаат големо значење во истражувањето и откривањето на дела на корупција. Новинарите често се соочуваат со предизвикот да обезбедат пристап до овие податоци поради фактот што нивните иматели одбиваат да ги споделат овие информациите, не правејќи го споредбениот тест помеѓу јавниот и приватниот интерес. Во секој случај, доколку на новинарот или на кое било лице му се дозволи да врши увид во судски предмет, потребно е претходно да се отстранат сите класифицирани информации и да

се анонимизираат списите на предметот во зависност од фазата на постапката. Службениците кои дошле во допир со класифицирани информации се должни да ја чуваат тајната како што утврдува законот. Објавувањето на класифицирани информации со највисок степен, строго доверливо или државна тајна, претставува основ за кривична одговорност на новинарите.

**Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер**

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер е независна во своето работење и во донесувањето на одлуките во согласност на надлежностите утврдени со закон. Комисијата е составена од пет члена од кои еден е претседател, а друг заменик на претседателот. Мандатот на членовите е пет години со право на повторен избор. Претседателот и заменикот на претседателот својата функција ја вршат професионално. Комисијата ги врши следниве работи: одлучува по жалби против решението и заклучокот со кој имателот на информацијата го одбил барањето за пристап до информации на барателите на информации; се грижи за спроведување на одредбите од овој закон; подготвува и објавува листа на иматели на информации; дава мислења по предлози на закони со кои се уредува слободен пристап до информации; презема активности на планот на едукацијата на имателите на информации за овозможување на барателите слободен пристап до информациите со кои тие располагаат; соработува со имателите на информации во однос на остварувањето на правото на пристап до информации; дава предлози за потребните средства за работа на Комисијата при изготвувањето на буџетот на Република Македонија; донесува Деловник за својата работа; подготвува годишен извештај за својата работа и го доставува

до Собранието на Република Македонија; извршува работи на меѓународна соработка поврзани со извршувањето на меѓународните обврски на Република Македонија, учество во спроведувањето на проекти на меѓународните организации и соработува со органите на другите земји и институции од областа на слободниот пристап до информации од јавен карактер; донесува статут, како и други акти со кои го уредува начинот на работа и организацијата на Комисијата и врши и други работи утврдени со овој и друг закон.

**Конфискација на имот и имотна корист**

Конфискација на имот и имотна корист прибавена со кривично дело претставува посебна казнено-правна мерка, која не е врзана за казната на сторителот. Таа се заснова на основниот принцип дека никој не смее да задржи непосредна или посредна имотна корист прибавена со кривично дело. Според КЗ, правилата за конфискација на физичките и правните лица се идентични. Конфискацијата се врши спрема сторителот, членовите на неговото семејство доколку не дале соодветен надомест, како и спрема трети лица. Доколку не е можна конфискација, во тој случај од сторителот ќе се конфискува друг имот кој одговара на вредноста на прибавената корист. Конфискуваниот имот ќе се врати на оштетениот, а доколку таков нема, станува сопственост на државата. Единствената специфика се јавува тогаш кога од правното лице не може да се конфискува имотот или прибавената имотна корист поради тоа што престанало да постои. Во таков случај одговорноста не згаснува, туку правниот следбеник/ци или кога такви не постојат основачот/чите или акционерот/акционерите солидарно се обврзуваат да платат паричен износ што одговора на прибавената корист. Битно е да се истакне дека конфискацијата и

одземањето може да се изречат и кога сторителот не е виновен за делот (дете, нема деловна способност или постојат процесни пречки за постапување). Конфискуваниот имот врз основа на меѓународен договор може да биде вратен во друга држава, што е мошне значајно за делата на организиран криминал и корупција со меѓународен елемент.

**Конфискација на имот и имотна корист – проширена**
Оваа посебна казнено-правна мерка е воведена во нашето кривично законодавство согласно Конвенцијата на ООН против организираниот криминал и Конвенцијата на ООН против корупцијата. Овој вид конфискација се применува спрема сторител на дело извршено во рамки на злосторничко здружување со кое е остварена имотна корист и за кое е пропишана казна затвор над четири години и други дела, како перење пари. Конфискуван може да биде имот кој е стекнат и пред осудата во зависност од околностите на случајот, но не подолго од пет години.

**Концесија**
Концесија значи доделување на право на користење на добро од општ интерес за државата, изведување на градба од јавен интерес или вршење на јавни услуги со задолжување на концесионерот да изгради и/или управува, да го користи или одржува објектот на концесија со плаќање или без плаќање од страна на концедентот.

**Корупција**
Корупцијата во најширока смисла на зборот означува искористување на службена положба, положба на авторитет или моќ за приватни цели. Конвенцијата на ООН против корупцијата не содржи дефиниција туку

ги набројува кривичните дела поврзани со корупција. Транспаренси Интернешенал ја дефинира корупцијата како злоупотреба на доверена моќ за приватна корист. Согласно Законот за спречување на корупцијата таа подразбира искористување на функција, јавно овластување, службена должност и положба за остварување на каква и да било корист за себе или за друго лице. Понатаму, законот пропишува дека никој не смее вршењето на функцијата, јавните овластувања, службените должности и положба, како и работите од јавен интерес да ги користи за остварување на лични цели. Во таа смисла корупцијата го поткопува владеењето на правото, легитимноста на власта, демократските вредности и еднаквото остварување на правата и слободите на граѓаните и го разорува економскиот просперитет, благосостојбата и довербата на граѓаните и јавноста во државните институции. Постојат најразлични квалификации на видовите и облиците на корупција. Така, во зависност од размерот на корупцијата се разликува крупна/голема и ситна/мала корупција. Крупната корупција означува злоупотреба на високите позиции на власт во интерес на една мала група на привилегирани поединци, а на штета на голем број на граѓани, на кој начин се предизвикуваат сериозни и системски нарушувања на институционалниот, правниот, економскиот и социјалниот систем на општеството. Овој вид на корупција тешко се открива и често останува неказнета. Од друга страна, ситната корупција подразбира злоупотреба на доверената моќ на носителите на јавни и службени овластувања во нивната секојдневна работа и комуникација со обичните граѓани во постапките во кои тие ги остварат своите основни права и потреби, како на пример во областа на образованието, здравството, издавањето на лични документи и друго. Оваа ситна корупција

често се прифаќа како „нормална појава и начин на функционирање на администрацијата.” Постојат исто така различни категоризации на корупцијата во зависност од областа во која се појавува.

**Корупција во политиката**

Во општа смисла, под политичка корупција се подразбира злоупотреба или манипулација со политиките, процедурите и правилата при доделување на финансиски средства и финансирање на оние кои носат политички одлуки, кои на тој начин ја одржуваат својата позиција на моќ и незаконито стекнато богатство. Затоа за време на претседателските, парламентарните или локалните избори постои мораториум односно забрана за користење на буџетски средства. Ова исто така опфаќа забрана да се започне со изградба на инфраструктурни објекти со буџетски средства, како што се патишта, водоводи, далноводи и слично, како и на објекти за општествени дејности, како училишта и здравствени домови. Забраната важи и кога претходно се обезбедиле средства од буџетот, односно кога градењето е дел од програма која е донесена врз основа на закон во тековната година. Исто така, во периодот пред и за време на изборите буџетските средства не смеат да се користат за вонредна исплата на плати, пензии, социјална помош и други исплати, а забрането е и отуѓување на државен капитал и потпишување колективни договори. Во рок од три месеци од денот на завршувањето на изборите ДКСК му доставува на Собранието посебен извештај за можните злоупотреби на буџетските средства кој се објавува во средствата за јавно информирање. Службените лица кои постапиле спротивно на овие забрани одговараат за прекршок, што значи дека ќе бидат казнети со глоба.

**Кривична одговорност на правно лице**

Кривичната одговорност на правните лица претставува крупна новина во нашето кривично законодавство која се наметна со појавата на нови облици на економски и корпоративен криминал, компјутерски криминал, еколошки криминал, корупција, перење пари. Првенствено правното лице сноси кривична одговорност за дело коешто е сторено од одговорното лице (види повеќе за одговорно лице) во име, за сметка или во корист на правното лице. Овде станува збор за претпоставена одговорност на правното лице, поточно делото на одговорното лице се смета за дело на правното лице. Исто така, одговорност постои и кога кривичното дело е сторено од негов вработен или застапник, а со делото е прибавена значителна имотна корист или на друг му е нанесена значителна штета. Во овој случај потребно е да се исполнат три услови:

1) Извршувањето на заклучок или друга одлука на органите на правното лице да претставува кривично дело,

2) Да е пропуштен должниот надзор и

3) надлежните органи да не го спречиле кривичното дело.

Одговорноста на правното лице не ја исклучува одговорноста на физичкото лице. Правното лице се казнува само со парична казана.

**Кривична постапка**

Кривичната постапка е збир на процесни дејствија што ги преземаат надлежните државни органи (првенствено судот, јавното обвинителство, правосудната полиција и бранителот) со цел да се овозможи правично судење така што никој невин да не биде осуден, а на сторителот на кривичното дело да му се изрече

санкција под условите предвидени во Кривичниот законик и врз основа на законито спроведена постапка. Со новиот ЗКП кој се применува од 1. декември 2013 година, се воведе нов концепт на кривичната постапка. Најзначајните новини се однесуваат на водење на истрагата од страна на јавниот обвинител, на улогата на судијата во претходната постапка, скратените постапки и спогодувањето помеѓу јавниот обвинител и обвинетиот за видот и висината на санкцијата (види повеќе за сите овие новини).

**Кривична постапка - фази**

Кривичната постапка се состои од следниве фази:

1) Претходна постапка во која спаѓаат предистражната постапка и истражната постапка;

2) Обвинителен акт и оцена на обвинителниот акт;

3) Главна расправа и пресуда и

4) Постапка по правните лекови во која спаѓаат редовните и вонредните правни лекови (види повеќе за секоја фаза одделно).

**Кривична пријава**

Поднесувањето на кривичната пријава е граѓанска должност и должност на сите државни органи, јавни претпријатија и установи, особено за кривични дела за кои се гони по службена должност. Пријавата се поднесува до надлежниот јавен обвинител писмено или усно, телефонски, по електронски пат или со употреба на други технички средства и начини. Ако пријавата е поднесена преку електронски уред се обезбедува нејзин електронски запис и се составува службена белешка. Ако таа е се поднесува усно, пријавувачот ќе се предупреди за последиците од лажно пријавување. За усната пријава ќе се состави записник, а ако кривичната пријава е

соопштена по телефон ќе се состави службена белешка. Ако кривичната пријава е поднесена до полицијата, до судот или до ненадлежен јавен обвинител, тие ќе ја примат пријавата и веднаш ќе ја достават до надлежниот јавен обвинител. Јавниот обвинител, во рок од три месеци од приемот на кривичната пријава, треба да одлучи по пријава и за тоа да го извести подносителот на кривичната пријава и повисокиот јавен обвинител.

**Кривични дела на корупција**

Со Кривичниот законик се предвидени повеќе кривични дела против службената должност, а како позначајни се следниве: злоупотреба на службената положба и овластување, примање поткуп, давање поткуп, злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство, неовластено примање и давање подароци, несовесно работење во службата, одавање службена тајна, даночно затајување, поткуп при избори и гласање, примање и давање награда за противзаконито влијание, проневера во службата, послужување во службата, измама во службата, противзаконита наплата и исплата, противправно стекнување и прикривање имот, перење на пари и други приноси од казниво дело и други.

**Кривични дела против службената положба**

Овие кривични дела, како главни коруптивни дела, се уредени во глава 30 од Кривичниот законик и се нарекуваат службени или службенички дела. Исто така, овој вид на КД се содржани и во други глави на КЗ, како што е главата на КД против слободите и правата на граѓанинот. Како генеричка категорија, тие ги имаат следниве основни карактеристики: насочени се против службената положба, се извршуваат во текот на вршењето на службената должност или овластување и

нив ги врши службено лице. КЗ не го дефинира поимот „службена должност”. Во правната теорија и практика овој поим се смета за динамична категорија и опфаќа вршење на широк дијапазон на овластувања и работи поврзани со функциите на органите на државната власт (законодавна, извршна и судска), како и вршење на јавни овластувања во правните лица кои имаат јавни функции (јавни претпријатија, здравствени, комунални и други јавни служби). Од друга страна, покрај службените лица, како сторители на овие дела може да се јават и носители на јавни функции и одговорни лица. Според судската практика, како критериум за оценката дали едно лице се смета за службено лице или не, се зема во предвид самостојноста на лицето во вршењето на одредени службени работи и неговите овластување да управува и одлучува.

**Кривични санкции**

Кривичниот законик ги уредува видовите на кривични санкции, нивната содржина и цел и ги пропишува условите за нивно изрекување. Така, кривични санкции се казни, алтернативни мерки, мерки за безбедност и воспитни мерки (плуралитет на казни). Кривичната санкција ги има следниве битни елементи: прво, таа претставува основна правна последица што го погаѓа сторителот поради стореното кривично односно казниво дело; второ, таа е присилна мерка што ја изрекува судот и трето, таа се состои во одземање или ограничување на определени слободи и права на сторителот или негово присилно лекување или третман на слобода. Основна цел на санкциите е справедливо возвраќање за стореното кривично дело (ретрибуција) и воспитно влијание врз сторителот и други лица да не вршат кривични дела (специјална и генерална превенција). При изрекување на кривичната санкција,

судот треба да се раководи од начелната определба за рестриктивна примена на затворската и другите казни за потешки кривични дела од една страна и примена на алтернативните мерки за полесни кривични дела (оние за кои е пропишана парична казна или казна затвор до три години).

Л

**Лице кое врши работи од јавен интерес**

Како лице кое врши работи од јавен интерес се смета лицето кое врши функции, должности или работи од јавен односно општ интерес како што се новинар, нотар, адвокат, наставник, воспитувач, лекар, социјален работник или друго лице кое тие работи ги врши самостојно или во правно лице кое врши дејност од јавен односно општ интерес определен со закон.

**Лобирање, начела на лобирање**

Лобирањето е активност насочена кон законодавната и извршната власт на централно ниво, како и кон локалната власт заради остварување определени интереси во процесот на донесување закони и други прописи. Според законот за лобирање, лобист е физичко лице кое врши лобирање за соодветен паричен надоместок, регистрирано за вршење на лобирање согласно со овој закон или е вработено во правно лице кое е регистрирано за вршење на лобирање со кое е склучен договор за лобирање. Нарачател на лобирање е заинтересирано физичко или правно лице кое има интерес од лобирањето пред законодавната, извршната и локалната власт. Лобирањето се спроведува доброволно врз основа на писмен договор меѓу лобистот односно правното лице кај кое е вработен лобистот и нарачателот на лобирањето, како страни во лобирањето. Нарачателот на лобирањето му издава на лобистот полномошно со кое лобистот се

претставува пред органите кај кои лобира. Во договорот од ставот (1) на член 3 на Законот за лобирање се утврдуваат условите под кои се спроведува лобирањето во согласност со овој закон, како и надоместокот за лобирањето. Лобистот постапува совесно и одговорно согласно со овој закон и во рамките на договорот од членот 3 на овој закон. Информациите кои лобистот ги добил од нарачателот на лобирањето или пак сам дошол до нив се доверливи, освен ако страните на лобирањето поинаку не определат во договорот од членот 3 на овој закон. Лобирањето е транспарентно и во секое време нарачателот на лобирањето, како страна во лобирањето, има право на увид во активностите на лобистот како и во работите кои се од значење за лобирањето.



**Мерки за безбедност**

Како посебен вид на кривична санкција мерките за безбедност се исклучиво специјално-превентивни санкции. Тие имаат за цел да се отстранат условите и состојбите што можат да влијаат врз сторителот во иднина да врши кривични дела. Тие се изрекуваат во однос на посебна категорија на лица како непресметливи, лица со намалена пресметливост и зависници од алкохол и дроги. Оттаму, тие имаат карактер на присилни мерки на медицинско лекување и опфаќаат задолжително психијатриско лекување во установа или на слобода, задолжително лекување на зависници и медицинско и фармаколошко лекување.

**Мерки за обезбедување присуство на обвинетиот**

Со цел да се обезбеди присуство на обвинетиот и непречено водење на кривичната постапка, се користат следниве мерки: 1) покана; 2) мерки на претпазливост, како што се: забрана за напуштање на живеалиштето,

односно престојувалиштето, обврска на обвинетиот да се јавува повремено на определено службено лице или надлежен орган, привремено одземање на патна исправа или забрана за нејзино издавање, забрана за приближување и други; 3) гаранција, чија висина ја определува судот и гласи на паричен износ што се определува со оглед на тежината на кривичното дело, личните и семејните прилики и имотната состојба на обвинетиот, при што може да ја депонира обвинетиот лично или друго лице; 4) приведување од страна на полицијата; 5) лишување од слобода; 6) задржување; 7) краткотраен притвор; 8) куќен притвор и 9) притвор (види повеќе за притвор). При одлучувањето која од наведените мерки ќе ја примени, судот води сметка да не примени потешка мерка ако истата цел може да се постигне со поблага мерка. Судот спрема обвинетиот истовремено може да определи повеќе мерки, освен кога ќе определи мерка притвор.

# Н

**Начела на кривичната постапка**

Кривичната постапка се темели на следниве фундаментални начела:

1) Начело на правично судење, според кое лицето обвинето за кривично дело има право во правично и јавно судење пред независен и непристрасен суд во една контрадикторна постапка да може да ги оспорува обвиненијата против него и да предлага и изведува докази во своја одбрана. Меѓу другото, суштински елемент од ова начело е забраната за двојно судење или казнување што значи дека никој не може повторно да биде суден или казнет за дело за кое веќе бил осуден со правосилна судска одлука.

2) Начело на акузаторност (оптужно начело) според кое кривичната постапка може да се поведе и да се води

само ако постои барање од овластениот тужител и тој раководи со кривичната постапка. Ова начело овозможува трите основни функции во кривичната постапка - гонењето, одбраната и пресудувањето - да ги вршат различни субјекти. Кривичната постапката може да се води само против лицето на кое се однесува обвинението и само за дело што е опишано во обвинението.

3) Начело на официјалност значи дека кривичната постапка се води по службена должност од страна на државните органи во општествен интерес.

4) Начело на легалитет на кривичното гонење, што значи дека јавниот обвинител е должен да преземе кривично гонење за кривични дела кои се гонат по службена должност секогаш кога се исполнети законските услови. Од ова начело постојат определени исклучоци кои му дозволуваат на јавниот обвинител да ја оценува целисходноста на кривичното гонење, на пример во постапката против деца.

5) Начело на контрадикторност според кое судот е должен да ги сослуша и двете странки, јавниот обвинител и обвинетиот и неговиот бранител за сите фактички и правни прашања кои се предмет на расправање пред судот, а секој од нив има право да предлага и изнесува докази во поткрепа на својата теорија на случајот.

6) Начело на усност налага сите докази, на јавната расправа пред судот да бидат изнесени во усна форма. Усноста овозможува најлесно спроведување на начелото на контрадикторност во расправањето и утврдување на вистината.

7) Начело на непосредност според кое изведувањето на сите факти и докази треба да се одвива на јавна расправа пред судот кој истите ги осознава директно со своите сетила во една контрадикторна постапка.

**Нематеријална штета**

Нематеријална штета е штета нанесена со повреда на личните права на физичко или правно лице за претрпен физички бол, претрпени душевни болки и поради намалување на животната активност, нагрденост или претрпен страв.

**Непотизам**

Непотизам претставува фаворизирање роднини или пријатели при доделување на функции и привилегии без притоа да се води сметка за стручноста.

# О

**Обвинение, обвинителен акт**

Обвинителниот акт го изготвува и поднесува јавниот обвинител до надлежниот суд, откако по завршување на истражната постапка ќе оцени дека постојат доволно докази од кои може да очекува осудителна пресуда. Судијата или советот за оцена на обвинителниот акт му го доставува обвинителниот акт на осомничениот кој е на слобода без одлагање, а ако се наоѓа во притвор во рок од 24 часа од приемот на обвинителниот акт. Ако против осомничениот е определен притвор, обвинителниот акт му се предава на осомничениот при неговото притворање заедно со решението за притвор. Осомничениот има право да поднесе писмен приговор во рок од осум дена од прием на обвинителниот акт. Таков приговор може да поднесе и бранителот и без изречно овластување од осомничениот, но не и против неговата волја. Доколку судијата или советот за оцена на обвинителниот акт оцени дека приговорот е навремен и изјавен од овластено лице, пристапува кон оцена или контрола на основаноста на обвинителниот акт (види повеќе).

**Обвинет**
Обвинет е лице против кое е веќе потврден обвинителен акт, поднесен обвинителен предлог, поднесен предлог за примена на мерка за безбедност, поднесена приватна тужба или поднесен предлог за издавање на казнен налог. Изразот обвинет се користи и како општ назив за осомничениот, обвинетиот и осудениот.

**Обврска за пријавување на имотна состојба**
Законска обврска за пријавување на имот имаат следниве лица: избран или именуван функционер, службено лице и одговорно лице во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал, како и службено лице при вработувањето во државните органи, во администрацијата на единиците на локална самоуправа. Оваа обврска треба да се пополни во рок од 30 дена од денот на изборот, именувањето или вработувањето. Исто така, овие лица имаат обврска да пополнат и достават анкетен лист во рок од 30 дена по престанувањето на функцијата или вработувањето. ДКСК го следи исполнувањето на оваа обврска и може да поведе постапка за испитување на имотната состојба доколку постои сомнение дека во текот на вршењето работи од јавен интерес имотот на лицето несразмерно се зголемил во однос на неговите редовни примања или примањата на членовите на неговото семејство.

**Ограничувања на слободата на изразување и медиумите**
Слободата на изразување и слободата на медиумите да пренесуваат информации од интерес на јавноста, претставува едно од основните човекови права и слободи кои се гарантирани со Европската конвенција за човекови права, Уставот и законите. Овие слободи

не се апсолутни и неограничени. Уживањето во овие слободи истовремено повлекува и одредени обврски и одговорности. Затоа остварувањето на овие слободи може да биде подведено на формалности, услови, ограничувања или казни како што тоа е пропишано со закон и е неопходно во едно демократско општество, помеѓу другото, во интерес на заштита од криминалот, заштита на репутацијата или правата на други, за спречување на објавување на доверливи информации или за одржување на авторитетот и независноста на судството.

**Одговорно лице во правното лице**

Како одговорно лице во правното лице се смета лице кое со оглед на неговата функција или посебни овластувања му е доверен определен круг на работи што се однесуваат на извршување на законските прописи или на прописите донесени врз основа на закон или општ акт на правното лице во однос на управувањето, користењето и располагањето со имот, раководењето со производниот или деловен потфат, некој друг стопански процес или надзорот над нив. Како одговорно лице се смета и службено лице кога се во прашање дела кај кои како сторител е означено одговорно лице, а не се предвидени во главата за кривични дела против службената должност во КЗ. Исто така, како одговорно лице се смета и лицето кое врши посебна функција или овластување или на кое му е доверено самостојно вршење на определени работи во странско правно лице, како и лицето кое е претставник на странско правно лице во Република Македонија.

**Одговорност за дела на корупција**

Во зависност од степенот на општествена опасност на коруптивното дејствие предвидена е кривична и

прекршочна одговорност не само за физички лица, вклучително и на службени, одговорни лица и лица кои вршат работи од јавен интерес, така и на правни лица. Спрема правните лица може да се изрече само парична казна и забрана за вршење професија, дејност или должност. Исто така, физичките лица може да подлежат на дисциплинска одговорност за повреди на правилата на работната дисциплина, етичко и професионално однесување.

**Одговорност на новинарите и медиумите за навреда и клевета**

Како и секое друго лице, новинарите и медиумите, можат да сносат граѓанска одговорност за навреда и клевета. Предвидени се парични износи што можат да му се изречат на новинарот и медиумот и тоа до две илјади евра за новинарот/автор на информацијата, до 10 илјади евра за главниот уредник и до 15 илјади евра за сопственикот на медиумот.

**Одговорност на новинарот за обелоденување на информации**

Новинарот може да сноси граѓанска и кривична одговорност доколку објави информација која не треба да биде достапна за јавност. Ако притоа бидат исполнети битните елементи на одредено кривично дело, новинарот може да биде гонет за тоа кривично дело. Во сите други случаи станува збор за новинарска етика која особено при постапување со вакви информации (без оглед дали се на штета или во корист на обвинетите/оштетените) треба да биде на највисоко професионално ниво.

**Одземање на предмети**

Одземањето на предмети, заедно со конфискацијата на имот и имотна корист, претставува посебна казнено-

правна мерка која не е врзана за санкцијата што му се изрекува на сторителот на делото. Никој не може да ги задржи или присвои предметите што настанале од извршување на делото (продукт на делото, на пример фалсификувани или „испрани" пари). Исто така се одземаат и предметите кои се употребени или наменети за извршување на кривично дело (пари кај делото поткуп), а се одземаат и од трети лица ако се општествено опасни. Со одземање на овие предмети тие се ставаат надвор од правниот промет поради опасноста повторно да бидат употребени за извршување на кривично дело како и нивниот противправен карактер.

**Одлуки во кривичната постапка**
Во кривичната постапка постојат следниве видови одлуки: пресуда, решение и наредба. Пресуда може да донесе само судот, додека решение и наредба може да донесат и други органи што учествуваат во кривичната постапка. На сторителот на кривичното дело може да му се изрече санкција само надлежен суд во постапка спроведена согласно ЗКП.

**Организиран криминал**
Организираниот криминал претставува незаконски активности што се извршени од организирана криминална група која постои одреден временски период, со цел за извршување на сериозен криминал и со цел директно или индиректно да се добие финансиска или друга материјална корист или моќ, а при извршувањето на сериозниот криминал групата да користи заплашување, насилство, корупција, перење пари, директна или индиректна контрола над политиката, властите, медиумите и економијата, стопанските активности, како и употреба на други средства за постигнување на целите.

**Основи на сомневање – основано сомневање**

Иако термините се слични, сепак со нив се прави градација на сомневањето и доказниот материјал со кој се поткрепуваат наводите за сторено кривично дело против определено лице. Имено, основите на сомневање се сознанија кои врз основа на криминалистичкото знаење и искуство може да се оценат како доказ за сторено кривично дело. Од друга страна, основано сомневање е повисок степен на сомневање кој е заснован врз прибавените докази кои упатуваат на заклучок дека определено лице сторило кривично дело.

**Основни судови, надлежност**

Во Република Македонија постојат 27 основни или првостепени судови кои постапуваат во кривичната и граѓанската материја. За подрачјето на град Скопје, Основниот суд Скопје I Скопје е кривичен суд со основна и проширена надлежност, додека Основниот суд Скопје II Скопје е граѓански суд. Основните судови одлучуваат во прв степен:

1) За сите видови на прекршоци, освен за прекршоци кои со закон се ставени во надлежност на друг орган;

2) За кривични дела за кои со закон како главна казна е предвидена казна затвор до пет години, освен за кривични дела кои спаѓаат во надлежност на друг суд; 3)За кривични дела за кои со посебен закон е определена надлежност на суд со основна надлежност;

4) Спроведуваат истрага или истражни дејствија за кривични дела од својата надлежност;

5) За жалби и приговори за постапките за кои се надлежни овие судови.

Основните судови со проширена надлежност, покрај тоа одлучуваат и за кривични дела за кои е предвидена

казна затвор над пет години и за кривични дела и прекршоци извршени од деца; спроведуваат истрага и истражни дејствија за кривични дела од својата надлежност; постапуваат по предмети за екстрадиција; одлучува по жалби и приговори за постапките за кои се надлежни и решаваат за постапки за меѓународна правна помош.

**Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција**

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција дејствува на територијата на цела држава. Неговиот назив укажува дека има специјализирана надлежност да постапува за потешки и коруптивни дела кои се сторени од организирана криминална група. Поконкретно, ова специјализирано основно ЈО постапува:

1) За кривични дела извршени од структурирана група од три или повеќе лица, која постои одреден временски период и дејствува со цел да изврши едно или повеќе кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку четири години, со намера директно или индиректно да стекне финансиска или друга корист;

2) За кривични дела извршени од структурирана група или злосторничка организација на подрачјето на Република Македонија или други држави или кога кривичното дело е подготвено или планирано во Република Македонија или во друга држава; за кривични дела злоупотреба на службена положба и овластување од членот 353 став (5), примање на поткуп од значителна вредност од членот 357 и противзаконито посредување од членот 359 сите од КЗ, извршени од избран или именуван функционер, службено лице или одговорно лице во правно лице и

3) За кривични дела неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од членот 215 став (2), перење пари и други приноси од казниво дело од поголема вредност од членот 273, терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од членот 313, давање поткуп од значителна вредност од членот 358, незаконито влијание врз сведоци од членот 368-а став (3), злосторничко здружување од членот 394, терористичка организација од членот 394-а, тероризам од членот 394-б, кривични дела трговија со луѓе од членот 418-а, кривични дела криумчарење со мигранти од членот 418-б, трговија со малолетно лице од членот 418-г и за другите кривични дела против човечноста и меѓународното право од Кривичниот законик, независно од бројот на сторителите.

**Осомничен**
Осомничен е лице против кое се води претходна постапка односно предистражна и истражна постапка.

**Осуден**
Осуден е лице за кое со правосилна пресуда е утврдено дека е кривично одговорно за определено кривично дело. Санкциите изречени за сторено кривично дела се извршуваат кога одлуката со која е изречена санкцијата ќе стане правосилна и кога не постојат законски пречки за нејзино извршување (види повеќе).

**Оцена или контрола на обвинението**
Како задолжителна фаза во кривичната постапка, оценката или контролата се спроведува независно дали обвинетиот и неговиот бранител изјавиле приговор против обвинителниот акт или не. Контролата на обвинителниот акт поднесен за кривични дела за кои е

пропишана казна затвор до 10 години, ја врши судија за оцена на обвинителен акт, додека за кривичните дела за кои е пропишана казна над 10 години контролата ја врши советот за оцена на обвинителниот акт составен од тројца судии. Судијата или советот за оцена на обвинителниот акт не може да постапуваат како судечки судија во истиот предмет.

**Оштетен**

Покрај непосредната жртва од кривичното дело, оштетен е друго лице чие лично или имотно право е повредено или загрозено со кривичното дело и кое учествува во кривичната постапка со приклучување кон кривичното гонење или заради остварување на имотно-правно побарување.

П

**Помилување**

Помилувањето е институт што има еднакво дејство како и амнестијата. За разлика од амнестијата (види повеќе), помилувањето претставува акт на милост на шефот на државата како претставник на извршната власт. Помилувањето се дава врз основа на образложено решение од страна на Претседателот на Република Македонија и се однесува на поименично определени лица. Со помилувањето се дава:

1) ослободување од кривично гонење,

2) целосно или делумно ослободување од извршување на казната,

3) изречената казна се заменува со поблага казна или алтернативна мерка,

4) се определува бришење на осудата или

5) се укинува или се скратува времетраењето на определени правни последици на осудата или казната.

Постапката за помилување е уредна со Закон за помилување каде се разликува помилување по молба на осудениот и по службена должност кога Претседателот ќе оцени дека за тоа постојат особено оправдани причини. Аболицијата, која значи ослободување од кривично гонење, може да биде дел од помилувањето (види повеќе аболиција).

**Посебни истражни мерки**

ЗКП ги предвидува кривичните дела во однос на кои може да се определат посебни истражни мерки (ПИМ) како и видовите и условите под кои се преземаат вакви мерки, а со кои всушност се задира во приватната сфера на сторителот во корист на јавниот општествен интерес и заштитата на слободите и правата на останатите граѓани. Посебните истражни мерки можат да се преземат во случаите кога е веројатно дека ќе се обезбедат податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка, а кои на друг начин не можат да се прибават. Такви мерки се: следење и снимање на телефонски и други електронски комуникации во постапка утврдена со закон; следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање на услови за следење на комуникации; тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен; таен увид и пребарување во компјутерски систем и автоматско, или на друг начин, пребарување и споредување на личните податоци. Овие ПИМ ги определува судијата на претходната постапка со писмена наредба, врз основа на образложено барање на јавниот обвинител. Покрај тоа постојат и ПИМ коишто ги определува јавниот обвинител со писмена наредба. Тие вклучуваат: увид во телефонски

и други електронски комуникации; симулиран откуп на предмети; симулирано давање и примање на поткуп; контролирана испорака и превоз на лица и предмети; користење на лица со прикриен идентитет за следење и собирање на информации; отворање симулирана банкарска сметка; симулирано регистрирање на правни лица или користење на постојни правни лица за собирање на податоци. Заедничко за сите ПИМ е што можат да се определат и спрема предметот на кривичното дело во случај кога не е познат идентитетот на сторителот. ПИМ може да се определат кога постојат основи на сомневање за кривични дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку четири години, а се подготвуваат, во тек е извршување или се извршени од страна на организирана група, банда или друго злосторничко здружение или за други облици на тешки кривични дела, вклучително и коруптивни дела како злоупотреба на службена положба и овластување, проневера во службата, измама во службата, послужување во службата, примање поткуп, давање поткуп, противзаконито посредување и перење на пари (види подетално за секое КД). ПИМ ги спроведува надлежниот јавен обвинител или правосудната полиција.

**Права на обвинетиот**
Основни права на обвинетиот во кривичната постапка се: да биде навремено и детално информиран на јазик што го разбира за делата за кои се товари и за доказите против него; да има доволно време и можности за подготвување на својата одбрана, а особено да има увид во списите на предметот и да биде запознаен со доказите против него и доказите во негова корист; непречено да комуницира со бранител по сопствен избор; да биде суден во негово присуство и да се брани лично или со помош на бранител по сопствен избор, а

доколку нема средства да плати бранител, да добие бесплатен бранител во случаите предвидени со закон; да ја изнесе непосредно својата одбрана пред судот; да не биде присилен да даде исказ против себе или блиски лица или да признае вина; да има можност да се изјасни за фактите и доказите што го товарат и да ги изнесе сите факти и докази што му одат во прилог; самиот или преку бранител да ги испита сведоците против него, како и да му се обезбеди присуство и испитување на сведоците во негова корист под исти услови како и сведоците против него, како и во текот на главната расправа да се советува со својот бранител и право на правни лекови.

**Правично судење - право на правично судење**

Правото на правично судење е едно од темелните човекови права кое се гарантира со Уставот, ЗКП и повеќе меѓународни конвенции, посебно Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП). Според член 6 од ЕКЧП „секој има право на правично и јавно судење, судење во разумен рок пред независен и непристрасен со закон воспоставен суд да бидат разгледани и утврдени неговите граѓански права и обврски или основаноста на какви било кривични обвиненија против него." Оваа навидум едноставна одредба крие исклучително значајно и комплексно право. Правото на правично судење има мошне широка содржина и опфаќа голем спектар на права, вклучително:

1) Права во постапката пред судењето, во кои спаѓаат правото на слобода, право на известување на лицето кое е лишено од слобода, право на бранител, право на комуницирање со надворешниот свет, право лицето да биде изведено пред суд, право на испитување на основаноста на лишувањето од слобода, како и правата во тек на лишувањето од слобода;

2) Права поврзани со правичното и јавно судење во разумен рок од страна на независен и непристрастен суд востановен со закон и во постапка уредна со закон;

3) Права во текот на судењето, во кои спаѓаат правото на материјална и формална одбрана, право на присуство на судењето, право на испитување на сведоците на обвинението и одбраната, право на жалба, право на добивање на соодветно време за подготвување на одбраната и други права во текот на испитувањето;

4) Пресумпцијата на невиност;

5) Забрана на ретроактивна примена на кривичниот законик;

6) Забрана за казнување за исто дело два пати (ne bis in idem);

7)Правото на еднаквост пред судот.

**Правно лице**

Поимот правно лице е мошне широк и согласно КЗ тој ги опфаќа: Република Македонија, единици на локалната самоуправа, политички партии, јавни претпријатија, трговски друштва, установи, здруженија, фондации, сојузи и организациони облици на странски организации, спортски здруженија и други правни лица во областа на спортот, фондации, финансиски организации и други со закон одредени организации регистрирани како правни лица и други заедници и организации на кои им е признато својството на правно лице. Под странско правно лице се подразбира јавно претпријатие, установа, фонд, банка, трговско друштво или друг облик на организираност според законите на странска држава во вршење на стопански, финансиски, банкарски, трговски, услужни или други дејности кое има седиште во друга држава или претставништво во Република Македонија

или е основано како меѓународно друштво, фонд, банка или установа.

**Правосилна пресуда**
Пресудата и решението стануваат правосилни кога не може повеќе да се побиваат со редовен правен лек – жалба или кога не е дозволена жалба.

**Правосудна полиција**
Правосудната полиција ја сочинуваат полициските службеници од Министерството за внатрешни работи и припадниците на Финансиската полиција и со закон овластени лица на Царинската управа, коишто му се ставени на располагање на Јавното обвинителство во откривањето и гонењето на кривичните дела и водењето на истражната постапка.

**Првостепена судска надлежност за дела на корупција**
Најчесто делата на корупција спаѓаат во надлежност на Основниот суд Скопје I Скопје - Специјализирано судско одделение кое постапува за дела од областа на организираниот криминал и корупција и тоа за територијата на целата држава. Ова одделение е надлежно да суди за:

1) Кривични дела извршени од структурирана група од три или повеќе лица која постои одреден временски период и дејствува со цел да изврши едно или повеќе кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку четири години, со намера директно или индиректно да се стекне со финансиска или друга корист;

2) Кривични дела извршени од структурирана група или злосторничка организација на територијата на Република Македонија или други држави или кога кривичното дело е подготвено или планирано во Република Македонија или во друга држава;

3) Кривични дела злоупотреба на службена положба и овластување од членот 353 став 5, примање на поткуп од значителна вредност од членот 357 и противзаконито посредување од членот 359 од КЗ извршени од избран или именуван функционер, службено лице или одговорно лице во правно лице; давање поткуп од поголема вредност од членот 358, незаконито влијание врз сведоци од членот 368-а перење пари и други приноси од казниво дело од значителна вредност од членот 273, како и други и кривични дела.

**Пресуда, видови**

Согласно начелото на законитост, пресуда во однос на кривична одговорност на одредено лице може да донесе само надлежен суд во постапка предвидена со закон. Пресудата може да се однесува само на лицето коешто е обвинето и само на кривичното дело коешто е предмет на обвинението. Судот пресудата ја донесува врз основ на слободно судиско уверување, при што е должен совесно да го оцени секој доказ поединечно и во врска со сите други докази заедно, на тој начин формирајќи заклучок и убедување за постоењето на релевантните факти за случајот. Постојат три основни вида на пресуди:

1) Одбивателна пресуда - пресуда со која се одбива обвинението поради ненадлежност на судот или други процесни пречки, вклучително и кога обвинетиот за истото дело е веќе правосилно осуден, ослободен од обвинението или постапката против него е правосилно запрена со решение, кога со акт на амнестија или помилување е ослободен од гонењето, или кога кривичното гонење не може да се преземе поради застареност или кога постојат други околности што го исклучуваат кривичното гонење;

2) Ослободителна пресуда - со која обвинетиот се ослободува од обвинение и се огласува дека не е виновен;

3) Осудителна пресуда - со која обвинетиот се огласува за виновен и се утврдува негова кривична одговорност за одредено дело. Исто така, во зависност од дејството пресудата може да биде првостепена пресуда, правосилна и извршна (види повеќе за секоја од нив).

**Презумција на невиност**

Начелото на презумција на невиност претставува гаранција дека лицето осомничено или обвинето за кривично дело ќе се смета за невино сѐ додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска пресуда. Медиумите, државните органи и сите останати лица се должни да се придржуваат и да го почитуваат ова фундаментално начело. Со своите јавни изјави за постапката која е во тек тие не смеат да ги повредат правата на обвинетиот и оштетениот како и судската независност и непристрасност. Ова право е загарантирано со Уставот на РМ, ЗКП и член 6 од ЕКЧП. Лицето кое смета дека му е повредено правото на презумција на невиност може да бара заштита пред домашните и меѓународните судски органи.

**Претходна постапка - предистражна и истражна постапка**

Претходната постапка како прва фаза од кривичната постапка се состои од предистражна и истражна постапка со која раководи и ја спроведува надлежниот јавен обвинител, при што на располагање ја има правосудната полиција. Во текот на предистражната постапка се спроведуваат извиди и дејствија од страна на полицијата и јавниот обвинител, со цел да се открие сторителот или да

се спречи да побегне, да се откријат и обезбедат трагите на кривичното дело и предметите што можат да послужат како доказ, како и да се соберат сите известувања што би можеле да бидат од корист за успешно водење на кривичната постапка. Правосудната полиција е должна да постапува по наредбите и насоките на јавниот обвинител, но сепак полицијата може да продолжи со извидите и тогаш кога нема посебни наредби или насоки од јавниот обвинител, а за спроведените мерки и дејствија го известува јавниот обвинител. Истражната постапка, како дел од претходната постапка се поведува против определено лице кога постои основано сомневање дека сторило кривично дело за кое се гони по службена должност или по предлог. Во текот на истражната постапка се собираат докази и податоци што му се потребни на јавниот обвинител за да може да одлучи дали ќе поднесе обвинение или ќе се откаже од кривичното гонење, како и се изведуваат докази за кои постои опасност дека не ќе можат да се изведат на главната расправа или дека нивното изведување би било сврзано со тешкотии. Притоа, јавниот обвинител е должен да собира докази кои одат како на товар на осомничениот, така и во негов прилог. Во текот на истражната постапка, јавниот обвинител може да ги преземе следниве истражни дејствија: претрес, привремено обезбедување и одземање на предмети или имот, испитување на осомничениот, испитување на сведоци, определување на вештачење, увид и реконструкција и посебни истражни мерки. Предистражната и истражната постапка се тајни, односно сите дејствија преземени од страна на јавниот обвинител или полицијата се сметаат за тајна.

**Приватен интерес**

Приватен интерес подразбира материјален или нематеријален интерес на службеното лице што може

да влијае врз неговото одлучување при вршењето на неговите јавни овластувања и должности. Ова подразбира интерес што носи лична корист за службеното лице што не треба да му припаѓа. Со дејствување од позиција на судир на интереси се нанесува штета на други лица и на општеството во целина. Приватниот интерес значи не само финансиски интерес, добивка или избегнување загуба, туку и нематеријални придобивки, противуслуги, предности, поволности, привилегии.

**Признание или изјаснување за вина**

Во текот на главната расправа, обвинетиот се повикува да се произнесе дали се чувствува за виновен или не во однос на сите кривични дела што му се ставаат на товар со обвинението. Притоа, ако обвинетиот ја признае вината во текот на главната расправа, претседателот на судечкот совет е должен да испита дали признанието е дадено доброволно, дали обвинетиот е свесен за правните последици од признавањето на вината, како и за последиците поврзани за имотно-правното побарување и трошоците на кривичната постапка. Потоа, во доказната постапка ќе се изведат само оние докази што се однесуваат на одлуката за санкцијата. Во ваков случај, обвинетиот не може да поднесе жалба поради погрешно утврдена фактичка состојба. Ако обвинетиот се изјасни дека не е виновен, странките започнуваат со презентирање на доказите кои се поврзани како со кривичното дело и вината, така и доказите релевантни за определување на видот и одмерување висината на кривичната санкција.

**Притвор**

Притворот претставува најтешка мерка за обезбедување присуство на обвинетиот и непречено водење на кривичната постапка, бидејќи лицето се лишува од

слобода и со тоа се задира во неговите основни човекови слободи и права. Против лицето за кое постои основано сомневање дека сторило кривично дело може да се определи притвор во следниве случаи:

1) Ако се крие или ако не може да се утврди неговиот идентитет или ако постојат други околности што очигледно укажуваат на опасност од бегство;
2) Ако постои основан страв дека ќе ги уништи трагите од делото или дека ќе ја попречи истрагата со влијание врз сведоците, соучесниците или прикривачите;
3) Ако постојат околности кои го оправдуваат стравот дека осомничениот ќе го повтори кривичното дело, дека ќе го доврши обиденото кривично дело или дека ќе го изврши кривичното дело со кое се заканува и
4) Ако уредно повиканиот обвинет очигледно избегнува да дојде на главната расправа, или ако судот направил два обиди уредно да го повика обвинетиот, а сите околности укажуваат дека обвинетиот очигледно одбегнува да ја прими поканата.

Во сите овие околности притворот е незадолжителен (факултативен). Покрај факултативниот, постои и задолжителен (облигаторен) кога судот е должен да определи притвор во случај кога ќе изрече пресуда со која обвинетиот се осудува на казна затвор на 5 или повеќе години. Пред поднесување на обвинение притворот го определува судијата на претходната постапка и тој не може да трае подолго од 8 дена. По поднесување на обвинението до завршувањето на главната расправа, притворот може да трае најдолго 60 дена. Притоа, траењето на притворот мора да биде сведено на најкратко нужно време, а судот и сите странки се должни да постапуваат со особена итност.

P

**Реконструкција на настанот**

Со реконструкцијата како доказно средство се проверуваат прибавените докази или се утврдуваат фактите кои се релевантни за расветлување на случајот Реконструкцијата на кривично-правниот настан се врши така што ќе се повторат дејствијата или ситуациите во истите услови под кои според прибавените докази се одиграл настанот. Ако во исказите на одделни сведоци или осомничени односно обвинети дејствијата или ситуациите се различно прикажани, реконструкцијата на настанот по правило посебно ќе се изврши со секој од нив. Исто така, по потреба може повторно да се изведат одделни докази. Реконструкцијата може да се спроведе во потполност или со делумно користење на компјутерски симулации. Притоа, таа не смее да се врши на начин со кој се навредува јавниот ред и морал или се доведува во опасност животот или здравјето на луѓето. На реконструкцијата и увидот може да се повика вештак, ако неговото присуство би било од полза за давање наод или мислење.

С

**Сведок**

Сведокот е лице кои има непосредни сознанија за факти и околности поврзани со кривичното дело и неговиот сторител. Сведоците се испитуваат одделно. Сведокот по правило одговорите ги дава усно. Пред да се започне со испитувањето, сведокот се опоменува дека е должен да ја зборува вистина и дека не смее ништо да премолчи, а потоа се предупредува дека давањето на лажен исказ претставува кривично дело. Сведокот се предупредува дека не е должен да одговори на одредени прашања кои се предвидени со закон.

**Скратена кривична постапка**

Скратена постапка се води за оние кривични дела за кои законот пропишува парична казна или казна затвор до пет години. Оваа постапка се поведува врз основа на обвинителен предлог на јавниот обвинител или врз основа на приватна тужба.

**Службено лице**

КЗ јасно ги разграничува и содржи дефиниции на поимите службено, одговорно и лице кои врши работи од јавен интерес, странско службено лице и правно лице (член 122). Имено, како службено лице, кога тоа е означено како сторител на кривично дело, се смета:

а) претседателот на Република Македонија, поставените амбасадори и други претставници на Република Македонија во странство и именувани лица од претседателот на Република Македонија, избран или именуван функционер во и од Собранието (претседател, потпретседатели и секретар на Собранието), во Владата, во органите на државната управа, во судовите, Јавното обвинителство, Судскиот совет, Советот на јавните обвинители и други органи и организации што вршат определени стручни, управни и други работи во рамките на правата и должностите на Републиката, во единиците на локалната самоуправа, како и лица кои постојано или повремено вршат службена должност во овие органи и организации,

б) државен службеник кој врши стручни, нормативно-правни, извршни, управно-надзорни работи и управни работи во согласност со Уставот и со закон,

в) овластено лице во правно лице на кое со закон или со друг пропис донесен врз основа на закон му е доверено вршење на јавни овластувања кога должноста ја врши во рамките на тие овластувања, како и овластено лице за застапување на здруженија, фондации, сојузи

и организациони облици на странски организации, спортски здруженија и други правни лица во областа на спортот,

г) лице кое врши определени службени должности врз основа на овластување дадено со закон или со други прописи донесени врз основа на закон,

д) воено лице кога се во прашање кривични дела кај кои како извршител е означено службено лице и

ѓ) претставник на странска држава или на меѓународна организација во Република Македонија.

**Снимање во судница и судска зграда**

Визуелното (видео) и звучното (аудио) снимање известување и фотографирање во кривичната постапка и јавно прикажување (репродуцирање) на снимката се врши по одобрение на претседателот на Врховниот суд, а по претходно прибавено мислење од претседателот на советот и судиите на начин предвиден со закон. Покрај ваквото одобрение, судечкиот совет може да одлучи одделни делови на главната расправа да не се снимаат. Исто така, претседателот на Врховниот суд, врз основа на поднесено писмено барање, дава одобрение за снимање или фотографирање во конкретен кривичен предмет. Надвор од судењето, снимањето и фотографирањето во зградата на судот може да се врши со одобрение на претседателот на судот кој раководи со зградата. Барањето за снимање треба да се поднесе во рок од пет дена пред закажаното рочиште. При давањето на одобрението за фотографирање и снимање треба да се води сметка за интересот на јавноста, интересите на постапката, приватноста и безбедноста на учесниците во постапката.

**Состав во кој судат апелационите судови**

Работата од својата надлежност апелационите судови ја извршуваат во совети од петмина судии за кривични дела за кои е пропишана казна затвор од 15 години или доживотен затвор или во совет од тројца судии за кривични дела за кои е пропишана поблага казна. Кога суди во втор степен на расправа советот е составен од двајца судии и тројца судии поротници. Седниците на судските совети во апелационите судови, со исклучок на јавните седници, се одржуваат без присуство на јавноста. Претседателот на судот дава одобрение за фотографирање на јавните седници.

**Состав во кој судат основните судови**

Во прв степен, судовите судат во совет од пет членови, совет од тројца членови и судија поединец. Советот од пет членови (двајца судии и тројца судии-поротници) постапува за кривични дела за кои е пропишана казна затвор од 15 години или доживотен затвор, додека советот од тројца членови (еден судија и двајца судии-поротници) решава за кривични дела за кои е пропишана поблага казна. Судијата поединец постапува по кривични дела за кои како главна казна е пропишана парична казна или казна затвор до пет години.

**Состав во кој суди Врховниот суд**

Врховниот суд суди во совети составени од петмина судии. Доколку е поднесено барање за заштита на законитоста против одлука на Врховниот суд, за барањето Врховниот суд одлучува на општа седница (сите судии). Врховниот суд на општа седница е надлежен да утврдува и разгледува разни прашања во врска со работата на судовите и судиите, примената на законите и изедначување на судската практика.

**Соучесник**

Соучесник е лице кое може да биде соизвршител на одредено кривично дело за што е кривично одговорен во границите на својата умисла или небрежност, поттикнувач или помагач во извршувањето на кривичното дело.

**Спогодување на јавниот обвинител со осомничениот**

Спогодувањето за вина, како институт кој потекнува од англосаксонското право, е воведен со новиот ЗКП. Во процесот на спогодување учествуваат исклучиво надлежниот јавен обвинител и осомничениот во присуство на неговиот бранител. Тие преговараат и се договараат за видот и висината на кривичната санкција, по што следува определување на задолжителните елементи на предлог спогодбата и нејзино потпишување. Во овој процес учеството на судот и јавноста е целосно исклучено. Откако ќе биде потпишана, кон спогодбата се вклучува судијата на претходна постапка кој врши оценка на истата, но и на рочиштето за оцена јавноста е исклучена. Постапката за спогодување се смета за успешна кога судот ќе ја прифати предлог спогодбата и ќе донесе пресуда. Пресудата има карактер на правосилна судска одлука и станува достапна за јавноста. Со спогодбата видот и висината на казната треба да биде во законски определените рамки за конкретното кривично дело, но не смее да оди под границите за ублажување на казната определени со КЗ. Доколку осомничениот се согласи, предмет на спогодување може да биде и имотно-правното побарување од оштетениот. Прва можност за спогодување се дава во фазата на истрага, а втора и последна можност се дава при оценка или контрола на обвинението. Во постапка за спогодување, осомничениот мора да има и да избере бранител, а ако не избере му се поставува бранител по службена должност.

**Судир на интереси**

Судирот на интереси е состојба на судир меѓу јавните овластувања и должности со приватниот интерес на службеното лице, во кој приватниот интерес влијае или може да влијае врз извршувањето на неговите јавни овластувања и должности. Оттаму, судирот се јавува како претпоставен, можен и фактички е влез во корупција. Истовремено корупцијата може да вклучува судир на интереси, но сите случаи на судир на интереси не се истовремено и случаи на корупција.

# Т

**Транспарентност**

Транспарентноста како еден од основните принципи на доброто владеење е клучна за јавноста да има информации и увид за тоа како се собираат, распределуваат и трошат јавните пари. Дополнително, транспарентноста е неопходна за да се покаже каква е волјата и намерата на јавните институции да ја информираат јавноста и да ги споделуваат овие информации со неа. Транспарентноста исто така претставува средство за унапредување на управувањето со јавниот сектор. Транспарентноста го зајакнува гласот на граѓаните помагајќи им да влијаат врз донесувањето на одлуки директно, преку нивните избраници во парламентот и преку политичкиот процес. Создавањето на информации со кои се прикажуваат намерите, активностите и последиците врз јавниот сектор е исто така неопходно, но не доволно за постигнување на задоволително ниво на отчетност. Фискалната транспарентност е важен елемент за ефективно управување со јавните финансии, помага во градењето на доверба на јавноста во работењето на јавните институции и придонесува за одржливост во спроведувањето на јавните политики. Транспарентноста исто така претставува прозорец кон буџетското работење

на државата, помагајќи ѝ на јавноста да ја повика власта на одговорност. Фискалната транспарентност е дел од поширокиот поим за транспарентност и пристап до информации во јавниот сектор. Транспарентноста има две различни димензии: прво, пристап до информации поврзани со процесите и процедурите врз основа на кои јавниот сектор презема и спроведува одлуки и второ, пристап до информации во сопственост на јавниот сектор. Фискалната транспарентност се однесува на сите средства и обврски на јавниот сектор, како и приходите и расходите одобрени со усвоениот годишен буџет. Таа подразбира објавување на фискални информации, вклучување на граѓаните во процесот на креирање на фискални политики и донесување на фискални одлуки. Фискалната транспарентност вообичаено се дефинира и се мери според достапноста и квалитетот на информациите што се однесуваат на институционалната поставеност во управувањето со јавните финансии и планираните и постојаните финансиски операции во јавниот сектор. Фискалната транспарентност е особено важна заради тоа што овозможува граѓаните, доверителите на државата, инвеститорите и учесниците на финансиските пазари прецизно да ја измерат финансиската позиција на државата и да ги утврдат реалните трошоци и придобивки од владините активности и мерки, вклучувајќи ги нивните сегашни и идни економски и социјални импликации. Достапноста на фискалните информации придонесува за редуцирање на пазарните ризици и несразмерноста во поседувањето на информации, овозможувајќи им на пазарите да функционираат поефикасно.



**Увид**

Увидот претставува едно од често користените доказни средства. Увидот го презема јавниот обвинител, а по

негово овластување и правосудната полиција кога заради утврдување или разјаснување на важен факт во постапката е потребно непосредно забележување. За време на увидот може да присуствуваат осомничениот, бранителот и оштетениот. Нивното отсуство не го одлага преземањето на увидот. За увидот се составува записник кој се приложува во списите на предметот.

**Укажувачи**

Укажувачите имаат посебна и значајна улога како во репресивниот така и во превентивниот пристап кои се преземаат во борбата против корупцијата. Злоупотребите во институциите, независно дали се од јавниот или приватниот сектор, понекогаш се откриваат само преку обелоденување на информации. За обезбедување на таквите информации се употребува терминот „укажување". Укажувањето може да биде важен дел од откривањето на злоупотребите. Често пати оваа информација ја гради основата за почетна административна истрага, интерна или екстерна, а таа пак може да резултира со кривична истрага. Укажувачите уживаат законска заштита од каков било вид на повреда на права, штетно дејствие, односно опасности од штетни дејствија заради извршеното пријавување. Со Законот за заштита на укажувачите се уредува заштитено пријавување, правата на укажувачите, како и постапувањето и обврските на институциите односно правните лица во врска со заштитено пријавување и обезбедувањето на заштитата на укажувачите. Категории на лица кои согласно со овој закон можат да се јават во својство на укажувачи се: лице кое има засновано работен однос на неопределено или определено време во институцијата односно правното лице за каде пријавува; кандидат за вработување, кандидат за волонтер или практикант во институцијата односно

правното лице за каде пријавува; лице кое е или било волонтер или практикант во институцијата, односно правното лице за каде пријавува; лице кое по кој било основ е или било ангажирано за извршување на работа од институцијата, односно правното лице за каде пријавува; лице кои по кој било основ е или било во деловен однос или друг однос на соработка со институцијата, односно правното лице за каде пријавува; лице кое користи или користело услуги во институцијата односно правното лице во јавниот и приватниот сектор за каде пријавува.

**Управен спор**

Управниот спор претставува посебен вид судска контрола на работа на администрацијата над работата на органите на управата. Карактеристично за управно-правните спорови секако е тоа што како странка во самата постапка се појавува државата. Во оваа смисла, за управен спор треба да се смета секој спор во кој во својство на тужен се појавува некој субјект на административна, управна работа без разлика на правото кое се применува во тој спор.



**Финансирање на политичките партии**

Финансирањето на политичките партии е јавно и транспарентно, со целосен увид од страна на граѓаните и надлежниот орган за контрола на финансиско-материјалното работење. Политичките партии имаат право на сопственост на деловен простор, опрема, канцелариски материјал, превозни средства и друг движен имот потребен за остварување на целите и вршење на активностите утврдени со статутот на партијата и со закон.

Политичките партии се финансираат со јавни и приватни извори на финансирање. Јавните извори на финансирање

на политичките партии се финансиските средства предвидени со буџетот на Република Македонија и буџетите на општините и градот Скопје.
Приватни извори на финансирање на политичките партии се: членарина, донации, подароци, прилози, спонзорства, легати, продажба на промотивен и пропаганден материјал и сопствени приходи согласно Законот за политички партии. Политичките партии не можат да вршат стопанска дејност. Политичките партии не можат да стекнуваат други видови приходи освен следниве: камата на депозит депониран во банка, закупнина, односно издавање под закуп на просториите на партијата, приходи од продажба на печатени, аудиовизуелни и дигитални изданија и други пропагандни материјали и приходи од продажба на билети за присуство на манифестации организирани за партиски цели. Политичките партии не можат да се финансираат од влади, меѓународни институции, државни и локални органи, јавни установи, претпријатија, јавни фондови и други правни лица кои располагаат со државен капитал, од здруженија на граѓани, верски заедници и религиозни групи. Политичките партии се должни да водат сметководство за финансиско-материјалното работење на партијата.
Надзорот над финансиско-материјалното работење на политичките партии го вршат Министерството за финансии и Државниот завод за ревизија.

**Финансиска полиција, надлежности**
Работите на Финансиската полиција ги врши Управата за Финансиска полиција, која претставува орган во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице. Финансиската полиција своите надлежности ги спроведува на територијата на Република Македонија. Со работата на Финансиската полиција раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија

на предлог на министерот за финансии. За својата работа и работата на Финансиската полиција директорот е одговорен пред Владата на Република Македонија и министерот за финансии. Надлежностите на Финансиската полиција се следниве:

1) Открива и врши криминалистичко истражување на кривични дела кои се гонат по службена должност како што се: перење пари и други приноси од казниво дело од членот 273, недозволена трговија од членот 277, криумчарење од членот 278, даночно затајување од членот 279 од Кривичниот законик и други кривични дела со противправна имотна корист од значителна вредност, како и фаќање и пријавување на нивните сторители, обезбедување на докази, други мерки и активности што можат да користат за непречено водење на кривичната постапка по службена должност или по наредба на јавниот обвинител преку извршување на надлежностите во правосудната полиција согласно со закон;

2) Прибира и анализира податоци за готовински трансакции, презема предистражни и други мерки кога постојат основи на сомнение за сторени кривични дела, ја следи трагата на парите со цел откривање на казниви дела утврдени со закон, врши увид и преглед на сметководствени податоци и евиденции во компјутерски системи во присуство на одговорно лице или овластено лице и врши и други работи согласно со Законот за финансиска полиција;

3) Врши форензичка компјутерска анализа на привремено одземени компјутерски системи и други електронски уреди;

4) Поднесува кривични пријави до надлежниот јавен обвинител за кривични дела од нејзина надлежност кои се гонат по службена должност;

5) Поднесува иницијатива за поведување на даночна и друга постапка за утврдување и наплата на јавните давачки пред надлежниот орган;

6) Координира, дава иницијатива, поднесува кривични пријави, врши размена на информации и организира обуки за лицата вклучени во системот на неправилности со цел заштита на финансиските интереси на Република Македонија и Европска Унија;

7) Изготвува и доставува предлог на стратегија за заштита на финансиските интереси на Република Македонија и Европската Унија и

8) Врши други работи утврдени со закон.